**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

Филозофски факултет – Скопје

Институт за педагогија

Постдипломски студии по педагошки науки

# Позитивно родителство – воспитен концепт во современото семејство

**Ментор:**

Проф. д-р Лена Дамовска

**Кандидат:**

Ирена Илиевска

Бр. на индекс 4551/13

Скопје, 2015 година

## Апстракт

Во новите услови на живот и на работа од корен се менува целата структура на општеството, а со тоа и на семејството, како социјална институција. Динамичноста денешното општество го прави да биде во сè поголема трка со времето. Новите димензии на денешницата, тежнеењето кон подобра работна позиција, како и градењето подобра кариера, го истакнуваат дефицитот на време, а со тоа решението за создавање семејство сè почесто се симнува на понизок степен на приоритети.

Основната цел на воспитувањето, во најширока смисла, претставува педагошки процес којшто се однесува на градењето на личноста на човекот.

Тоа воспитување најпрво започнува во рамките на семејството и затоа од круцијална важност се сите аспекти на семејството, а пред сè родителите, кои ја претставуваат основната алка во развојот на домашното семејно воспитување.

Концептот на позитивното родителство е насочен кон родителите преку коишто се истакнуваат одговорностите кон сопствените деца, почитувањето на децата, нивната автентичност, автономија, рамноправност и сите начела кои се производ од Конвенцијата на ОН за правата на децата.

Во време на драматични промени на денешното општество кое е во транзиција, помошта, поддршката и соработката со родителите е потребна и влијае на состојбата на модерното семејство, како и на градењето посигурни родители и родителство. Оваа концепција ги нуди сите аспекти за создавање вакво позитивно семејство, којашто практично се применува со сите нејзни детално обработени аспекти во повеќе развиени земји.

**Клучни зборови**: семејство, современо семејство, воспитување, поддршка, соработка, интеракција, позитивно родителство, општество.

## Abstract

With the new conditions of life and work, the whole structure of society is changing radically, and therefore so is the family as a social institution. Because of the dynamism today's society is in a fast race against time. The new dimensions of today, the pursuit of a better working position and building a better career highlight the deficit of time, and therefore the decision to create a family are often down to a lower level of priority.

The main objective of education is a pedagogical process concerning the building of the human personality. It first starts within the family and therefore all aspects of the family are of crucial importance, especially the parents who represent the main link in the development of family education.

The concept of positive parenting is directed towards parents and it comes with responsibilities towards their children, respect for the children, their authenticity, autonomy, equality and all the principles that are product of the UN Convention on the Rights of the Child.

At a time of dramatic changes in today's society which is in transition, assistance, support and cooperation with the parents are necessary and affect the statute of the modern family. It also creates more secure parents and better parenting. This conception which offers all aspects of creating a positive family, is practically applied in many developed countries.

**Keywords:** family, modern family, education, support, cooperation, interaction, positive parenting, society.

# Содржина

**Вовед**...6

**I дел – Теоретски пристап кон проблемот на истражување**...10

1. **Дефинирање на основните поими**...11
2. **Позитивно родителство**...11
   2.1. Програма за позитивно родителство – Тројно П (Pozitiv Pareting Programs – PPP)...13
   2.2. Како функционира позитивното родителство...20
3. **Воспитување**...25
4. **Современо семејство**...30
5. **Релевантни истражувања**...39
   5.1. Истражување во Хрватска...39
   5.2. Истражување од Центарот за семејна и за родителска поддршка – Квинсленд, Австралија (Pareting and family support centre, The University of Queensland – Australia)...42
   5.3. Истражување во Германија и во Швајцарија...44
   5.4. Истражување во Србија...46

**II дел – Методологија на истражувањето**...50

1. Предмет на истражувањето...51
2. Вид и карактер на истражувањето...51
3. Цел на истражувањето...52
4. Задачи на истражувањето...53
5. Хипотези...54
6. Варијабли...56
7. Методи, техники и инструменти на истражувањето...56
8. Популација и примерок на истражувањето...57
9. Анализа и интерпретација на податоците...58
10. Организација и тек на истражувањето...58

**III дел – Анализа и интерпретација на податоците од истражувањето**.......60

1. Анализа и интерпретација на резултатите за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство во првата фаза од истражувањето (иницијално мерење)........................................................62
2. Анализа и интерпретација на резултатите за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство во втората фаза од истражувањето (финално мерење)............................................................81
3. Анализа и интерпретација на резултатите за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство од страна на воспитувачите и на наставниците (од прво одделение)................................93
4. **Заклучни согледувања и препораки**......................................................104
   4.1. Препораки..............................................................................................108

**Користена литература**.............................................................................111

**Прилози и информативен рекламен материјал**.........................................114

# Вовед

Основната алка која ги поврзува генерациите низ минатото на човештвото е токму семејството. Потребата од семејство, неговото создавање, моќта на љубовта во семејството, хармонијата, почитта, грижата, поддршката и уште многу други работи, го издигнуваат значењето на семејството.

Животот ја добива смислата со самото градење на семејната идила. Во општеството, како поединец, секоја индивидуа е препуштена да се грижи сама за себе, но веќе откако ќе започне да размислува и да создава потомство, животот добива поинаква смисла, оттогаш индивидуата не живее само за себе, туку и за своето семејство.

Со текот на животот и во различните развојни стадиуми ја сфаќаме потребата од семејството, но, сепак, секогаш постојат дилеми во она што треба да пренесеме како значајни семејни вредности и да создадеме едно интимно катче со кое ќе се гордееме и во коешто ќе уживаме во семејните мигови.

Напредокот на едно современо општество се гледа во сè помладите генерации успешни личности. Современото семејство, особено во сè поголемиот раст и развој на целокупното општество, и тоа како зазема значајно место.

Патиштата, начините, методите, варијантите за она што е правилно или, пак, неправилно современо семејно воспитување нè упатуваат на многубројни алтернативи и можности за избор на најдобриот начин на воспитување.

Комуникацијата и соработката со децата е различна во секое семејство, но добро направениот преглед на најсовремената теорија и на истражувањата во однос на семејното воспитување ни даваат јасни темелни ориентации и најважни информации за современото воспитување, служејќи се со литература не постара од 10 години.

Позитивниот однос на родителите кон своите деца не претставува нов измислен начин на функционирање на семејното гнездо, туку едноставно однос кој секогаш е добредојден и кој треба да е постојано присутен.

Младите родители треба рационално да го одберат најдобриот воспитен концепт со којшто подоцна би се гордееле за својот создаден плод.

Токму затоа го истакнуваме концептот на позитивното родителство како можност за согледување на сè повеќе насмеани и среќни родители, расположени за комуникација, за разбирање, за соработка и за љубов со своите деца. Тоа е концепт кој е во тек со најсовремените светски трендови во воспитувањето на најмладите.

Со брзината на развојот на воспитно-образовните политики во светски рамки сè повеќе се истакнува незаменливата улога на родителот, како компетентен партнер и како дел од воспитно-образовниот процес. Оттука се наметнува потребата за сè поголемо вложување и правење напори за промени во поглед на отфрлањето на пасивната улога на родителот во воспитувањето на своите деца.

Како силни поддржувачи на духот на семејството и на семејните вредности низ целиот свет се вбројува и нашата земја. Преку најразличните пропаганди и активности се цели кон сè поголем наталитет и кон намалување на стапката на смртност. Младите се мотивирани со финансиска помош и со ред други работи, кои треба да послужат за да се започне градењето семејно гнездо.

Кај нас, но и на меѓународно и на регионално ниво, за семејството, како елементарна група на воспитување и на развој на децата, се грижат и многубројни домашни, но и меѓународни невладини организации, како УНИЦЕФ, УНЕСКО (Организација за образование, наука и за култура), Светската здравствена организација (WHO), Агенцијата за поддршка на децата (Child Support Agensy) и многу други.

Во нашата земја можеме да ги споменеме Првата детска амбасада во Република Македонија, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, Здружението за заштита на децата во Македонија и други, коишто се грижат и спроведуваат активности за децата, но и заедно со нив, како и со нивните родители.

Од исклучително значење е организацијата УНИЦЕФ и во нашето истражување најмногу ќе се задржиме на неа, која како меѓународна хуманитарна невладина организација има и канцеларија во Скопје и од своето формирање па сè до денес се грижи за благосостојбата, за здравствената,

едукативната и за матреријално-економската состојба на семејствата и, секако, за нивните деца, со многубројни проекти низ целиот свет, подобрувајќи го детскиот статус.

Најбитното е тоа што во рамките на ОН е донесена и е усвоена Конвенцијата за правата на децата, која го опфаќа и семејството, а токму на таа основа се гради и концептот на позитивното родителство, како наша цел на истражување, заедно со неговата воспитна компонента.

Во нашата законска регулатива за семејство, според *член 8*, родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право).

Потоа, односите на родителите и децата се засноваат на права и на должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитување и за образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики.

Родителското право го вршат родителите заедно, во согласност со потребите и со интересите на децата и со интересите на општествената заедница.

На родителот може да му биде одземено или ограничено вршењето на родителското право под услови предвидени со овој закон.

Исто така, постоечкиот меѓународен ден на семејството, 15 мај, создава, а и во иднина ќе создава уште поголемо влијание на општествата ширум светот.

Токму оттука се гледа дека семејството е сржта на секое среќно општество.

Круцијалната важност на семејството, кое се развивало со векови и дошло до денешното т.н. современо семејство, продолжува и до ден денес. Современите тенденции, истражувања, соработки и вложувања низ целиот свет, во коишто учествува и нашата земја, ја истакнуваат големата важност на активноста на родителите, како клучните во семејството, во воспитувањето на сопствените деца, а, воедно, тие играат огромна улога и во рамките на институционалниот воспитно-образовен процес.

Градењето на т.н. педагошки триаголник не би бил комплетен без значајниот агол на присутноста и на ангажираноста на родителите во секој процес од развојот на сопственото дете.

Мојата инспирација за обработка на оваа проблематика се состоеше во самата актуелност на темата и сметам дека во иднина оваа проблематика ќе зазема пошироки размери. Ќе се обидам да ги приложам сите аспекти на семејството и на воспитувањето на детето во современиот семеен контекст, со ставање на посебен акцент на позитивното родителство како посебен концепт кој нуди големи воспитни можности.



# I дел

# Теоретски пристап кон проблемот на истражување

## 1. Дефинирање на основните поими

Нашиот **проблем на истражување** го опфаќа позитивното родителство – воспитен концепт во современото семејство.
**Основните поими** коишто се сретнуваат во нашиот проблем на истржување се: **позитивно родителство, воспитен концепт и современо семејство.**

Оваа проблематика со којашто ќе се занимаваме е предизвик и императив во денешното динамично општество.
Многумина млади се во заблуда што треба правилно да изберат, да направат, да создадат, а, сепак, да бидат во тек со брзината на динамичниот живот.
Родителите не знаат што од нив се очекува и се плашат од можните грешки во воспитувањето на сопствените деца, што дополнително создава страв и вина доколку нешто погрешат, како и тешкотија да „излезат" на правиот пат доколку таков пат постои.

## 2. Позитивно родителство

Модерниот концепт на позитивното родителство е концепт на најнови современи гледишта, коишто во преден план ги истакнуваат одговорностите кон своите деца, правата на децата, автономијата на децата, автентичноста на децата, рамноправноста на децата, почитувањето на детската личност во целина и друго.
Сите овие аспекти се поврзуваат и со нашиот клучен поим, многу значаен во нашето истражување, т.н. **позитивно родителство**.

Тука станува збор за размислувањата или за визијата за родителство кое вредносно се темели на „Конвенцијата за правата на децата на ОН (Обединетите нации)"[1], но и на знаењата како производ на претходно собраните и прикажани научни и стручни сознанија. Тоа се сознанија во врска со карактеристиките на родителите, коишто го поддржуваат задоволувањето на

[1]http://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_version_child_friendly.pdf/ 20.9.2014

психолошките детски потреби за поврзување, компетентност и за автономија, а се сочинуваат од родителска инволвираност, како и од обезбедување на структурата за поддршка на детската автономија.

Понатаму, тоа се забележува и во однос на „квалитетите на родителските водства кои започнуваат врз основа на рамноправното достоинство на родителите и на децата, како и на обележување емпатиска интеракција меѓу децата и родителите“.[2]

„Од родителите се очекува да го познаваат развојот на детето, да знаат што е најдобро за нивното дете во рамките на семејството, но и надвор од него, да знаат зошто, кога и кои воспитни постапки треба да ги применат, исто така, од нив се очекува да работата на себе и убаво да се чувствуваат во родителската улога. Сите овие аспекти наведуваат на фактот дека родителите имаат потреба да учат за родителството, како за една од најблагодарните улоги во текот на животниот циклус“.[3]

Холистичкиот пристап на ова родителство спојува три меѓусебно поврзани значајни нешта:

(1) детските развојни потреби;

(2) способноста на родителите или на воспитувачите да одговорат на детските потреби;

(3) ситуациски родителски контекст и околината (општеството).

Како битен поим поврзан со оваа проблематика е поимот родителство, кој доаѓа како неизоставена компонента од позитивното родителство. Објаснувањето на овој поим ни дава една слика за позициите на родителите и за нивното поврзување со сопствените деца, каде што тие дејствуваат и на каков начин. Исто така, овој поим асоцира и на задоволувањето на основните детски потреби како членови на едно семејство, кои сè уште се со сиромашно животно искуство.

---

[2]Pećnik, N. ,Starc, B. (2010) *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta i podrška roditeljima najmlađe djece,* Zagreb: Ured UNICEF-a zaHrvatsku стр. 66–71.

[3]Stričević, I. *Jačanje roditeljskih kompetencija kroz programe obrazovanja* – „Материјал за интерна употреба“ (стр. 3–4)

„Во извештајот од Конференцијата на европските министри (Positive pareting, 2009 – Позитивно родителство, 2009) ***родителството*** се сфаќа како збир на односи и активности коишто се неопходни за сите родители и воспитувачи на деца и тоа се рефлектира во процес којшто вклучува интелектуална, емоционална и физичка адаптација, којшто им овозможува на возрасните да станат родители или да ги задоволат физичките, интелектуалните, емоционалните и социјалните потреби на децата“.[4]
Вака претставениот поим родителство во склоп на концептот за позитивно родителство е во функција на воспоставување позитивни односи на релација родител – дете, кои ќе ги задоволат основните потреби на детето во сите категории. Притоа ќе успеат да го зачнат темелниот позитивен концепт во градењето на идната детска личност, која понатаму ќе знае да го најде своето место во светот, а воедно да се снајде во сите животни крстосници.

Родителството како една елементарна категорија во воспитувањето на децата секогаш зазема значајно место во сите разговори, конференции, научни собири и истражувања на видни експерти од предучилишната и од семејната област.
Министрите на земјите-членки коишто се занимаваат со семејното воспитување се поврзуваат со идејата за т.н. ***ПОЗИТИВНО РОДИТЕЛСТВО***. (Министрите на земјите-членки преку експертиза за семејството ја промовирале идејата за позитивното родителство).

## 2.1 Програма за позитивно родителство – Тројно П (Pozitiv Pareting Programs – PPP)

Првата асоцијација кога говориме за позитивното родителство е историјата на ***Тројното П***, која започнува од Метју Сандерс (Matthew R. Sanders) и од неговите колеги од Универзитетот во Квинсленд, Австралија и еволуира од мала домашно базирана, индивидуално спроведена обука за

[4]Stričević, I. *Jačanje roditeljskih kompetencija kroz programe obrazovanja* – „Материјал за интерна употреба“ (стр. 8)

родители концептирана од деструктивни предучилишни деца, па сè до сеопфатна превентивна програма.[5]

Исто така, може да се каже дека *Тројното П* – програма за позитивно родителство, е една од најефикасните програми базирана на родителството, поткрепена со повеќе од 30-годишно активно истражување. *Тројното П* им дава на родителите едноставни и практични стратегии за да им помогне за самоуверено управување со однесувањето на нивните деца, спречување на проблемите во развојот и да се изградат силни и здрави односи. *Тројното П* во моментов се користи во 25 земји и се покажало дека може да се спроведе во различни култури, социо-економски групи и во сите видови семејни структури".[6] Оттука можеме да констатираме дека оваа програма може да биде достапна и да се спроведе и на нашата територија, приспособена на нашата воспитно-образовна политика и на другите фактори коишто ќе играат важна улога во нејзиното инкорпорирање. Со сите позитивни аспекти од оваа програма, кои ќе ги наведеме подолу во текстот, сметам дека таа позитивно ќе се одрази врз родителите во нашата земја, на кои им се придава многу мал процент на значење.

Па според тоа, ***главната цел*** на програмата е да се спречат емоционалните нарушувања и нарушувањата на однесувањето кај децата, со промовирање позитивно воспитни односи меѓу родителот и детето. Според основачите и развивачите на *Тројното П*, освен што ги подобрува способностите на родителите, „програмата цели кај родителите да се зголеми чувството на компетентност во нивните родителски способности, да се подобри комуникацијата на родителската двојка и да се намали стресот. Стекнувањето специфични родителски надлежности резултира со подобрена семејна комуникација и со намален конфликт, којшто, пак, го намалува ризикот кај децата од развивање различни емоционални проблеми и проблеми во однесувањето.

[5]Sanders, M. R. (2008). "Triple P-Positive Parenting Program as a public health approach to strengthening parenting" *Journal of Family Psychology* **22**(3): 506–517/ 19.9.2014
[6]http://www.triplep.net/glo-en/home/ 21.9.2014 год.

Преку целосното и детално анализирање на оваа програма се дава можност за запознавање на нејзината функционалност и практичност, што се состои од 5 нивоа (5 levels).

Постоењето на овие пет нивоа на оваа програма имаат за цел да ги опфатат родителите на децата, кои имаат некакви проблеми со своите деца, без разлика дали се работи за проблеми во однесувањето или, пак, за одредено психичко нарушување кај децата. Па врз основа на ова, овие нивоа се претставени по одредено значење, т.е. од нивото 1 со коешто се опфатени одредени проблеми со понизок интензитет, па сѐ до нивото 5 кое се однесува на проблеми со поголема длабочина. Но, битно е да се напомене дека иако оваа програма со овие нивоа се однесува за некакви проблеми, таа може да користи на секој родител кој нема или, пак, кој би можел да има некаков потенцијален проблем во однос на воспитувањето со сопственото дете.

Превентивната улога, покрај интервентната функција на оваа програма, никако не смее да се занемари затоа што нуди можност за запознавање и за примена на многу стратегии, методи, техники и начини во кое било семејство, без или со каков било проблем или, пак, со некаков потенцијален проблем.

Накратко, подолу се приложени петте основни нивоа од оваа програма:

**Нивото 1** или *Универзално тројно П* е комуникациска стратегија за постигнување пространо (големо) влијание на населението преку концептот на позитивното родителство, преку разни информации и пораки. Таа не претставува курс или лична интервенција насочена директно кон родителите.

Следуваат кратки информации за подетално објаснување на ова ниво и за тоа што сѐ влегува во негов состав:

- **Останете позитивни** – е креативна страна, главното мото на *Универзалното тројно П*. Оваа високовлијателна комуникациска кампања вклучува голем број маркетиншки материјали (вклучувајќи брошури, постери, новинарски колумни, билборди итн.) и има за цел да го стави родителството во јавната агенда и да се подигне свеста за потребата од поддршка на родителите, како членови со витална (најважна) улога во едно општество.

*Универзалното тројно П* има за цел:

- да создаде позитивно мислење и да се нормализира процесот на барање родителска помош;
- да ги поттикне родителите да учествуваат во позитивните родителски интервенции;
- да се зголеми свесноста и да се достигнат позитивните родителски интервенции;
- да создаде пораки во медиумите, коишто не се алармантни, вознемирувачки или родителско-обвинувачки;
- да им помага на родителите да станат посигурни и посамоуверени во нивното родителство.

**Нивото 2** претставува блага интервенција за обезбедување краткорочна помош на родителите, кои обично се справуваат добро, но имаат еден или евентуално два проблеми со однесувањето или со развојот на нивното дете. Тоа е овозможено за родителите на деца на возраст 0–12 години и за родителите на тинејџерите. Тоа накратко изгледа вака:

***Селектирана серија семинари на Тројното П*** – ова претставува вовед во стратегиите на позитивното родителство (Triple P). Родителите присуствуваат на кои било од трите 90-минутни семинари (како на пример: *Моќта на позитивното родителство*, *Подигање на самоувереноста на родителите*, *Способни деца* и *Оформување флексибилни деца*) или на кој било од трите ***Серија семинари на тинејџерското (teen) Тројно П*** (на пример: *Подигање одговорни тинејџери*, *Подигање компетентни тинејџери* и *Одржување на врските меѓу тинејџерите*). Се даваат листови во коишто се запишани важните факти за сите родители кои присуствуваат на семинарите на *Тројното П* (Triple P).

„Во склоп на ова ниво постои т.н. **кратка примарна заштита и кратка основна заштита на тинејџерите.** Тука се вклучени доктори, кои обезбедуваат редовна поддршка на родителите на децата или на тинејџерите. Тие се одвиваат како кратки консултации еден на еден од 15 до 30 минути, насочени

кон конкретни прашања. Ако е потребно, може да има уште една дополнителна посета или телефонски повик".[7]

По второто скалило следува третото скалило и во суштина тоа е претставено на ваков начин:

**Нивото 3** вклучува насочени советувања за родители на деца со благи до умерени тешкотии во однесувањето. Тоа е на располагање на родители на деца на возраст 0–12 години и на родители на тинејџери. Интервенциите од нивото 3 служат за справување со специфичен проблем на однесување или со одредени прашања.

Тоа е претставено како:

***Примарна здравствена заштита – Тројно П*** – претставува краткотрајно воспоставување контакт лице в лице или телефонска интервенција, со примарна здравствена заштита. Постојат околу четири индивидуални консултации кои траат меѓу 15 и 30 минути. Ова е наменето за родители на деца на возраст 0–12 години и, секако, се нуди примарна здравствена заштита, т.н. *Тинејџерско тројно П*, за родители на адолесценти до 16-годишна возраст.

***Групи за дискусија – Тројно П*** – претставуваат двочасовни мали групни сесии, насочување кон специфичен проблем, однесувања или прашање. Секоја група за дискусија може да се земе како самостојна сесија или како дел од серијата сесии. Постојат четири теми за родители на деца на возраст 0–12 години (*Справување со непослушност*, *Управување со караниците и со агресијата*, *Развивање добри навики за навремено заспивање* и *Пазарење без караници со децата*). Во *Тинејџерските групи за дискусии – Тројно П*, наменети за родители на деца на возраст 12–16 години, постојат следните теми: *Справување со емоциите на тинејџерите*, *Намалување на конфликтите во семејството, Соработка на тинејџерите* и *Градење вештини за опстанок кај тинејџерите.*

[7]http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/the-system-explained/level-1/ 15.9.2014 година.

**Нивото 4** е наменето за родители на деца со сериозни тешкотии во однесувањето (или во случај на *Група на Тројното П / Група на тинејџерско Тројно П*, за мотивирани родители кои се заинтересирани за стекнување повеќе информации, за разбирање на позитивното родителство). Тоа е на располагање на родители на деца на возраст до 12 години и на возраст 12–16 години и опфаќа 17 основни позитивни родителски вештини. Концептот на *Тројното П* може да се приспособи на широк спектар на ситуации на родителство.

Тоа е претставено како:

***Група на Тројно П / Група на тинејџерско Тројно П*** – Групи на коишто присуствуваат не повеќе од 12 родители на пет сесии и се поддржани со три телефонски советувања / сесии, коишто се одвиваат од нивниот дом. Тука имаме користење дивидија и работни тетратки за да се вклучат родителите и да ги зајакнат стратегиите.

***Стандардно Тројно П / Стандардно тинејџерско Тројно П*** – Наменето за родителите коишто имаат потреба од интензивна поддршка. Претставува индивидуално советување, кое содржи повеќе од десет сесии по еден час. Се користат дивидија и работни тетратки.

***Онлајн Тројно П*** – претставува сеопфатна интернет-базирана програма во осум сесии, која е водич на родителите и е наменета за 17 основни родителски вештини на концептот *Тројно П*. Врз основа на стандардна програма *Тројно П*, вклучени се потсетници, преку имејл или преку СМС, за сесијата со целите и со стратегиите.

***Себенасочено Тројно П*** претставува десетнеделна програма за самопомош, врз основа на работна тетратка. Родителите на коишто им треба дополнителна поддршка може да добијат и телефонски консултации на неделно ниво од по 15 до 30 минути.

**Ниво 5**, како последно ниво – Интензивна поддршка за семејствата со сериозни проблеми. Родителите мора да имаат завршено ниво 4 (стандардна програма или програма во група) пред да преминат на ниво 5.

Основните компоненти на ова ниво се претставени како:

***Подобрено Тројно П*** – За родителите чијашто семејна ситуација е комплицирана поради проблеми, како: партнерски конфликти, стрес или ментални здравствени проблеми. Постојат три модули кои се насочуваат кон конкретен проблем. Родителот може да одбере една, две или три од модулите коишто се однесуваат на: партнерските односи и комуникација, лично справувачките стратегии за високостресните ситуации и на други модели од практиката на позитивното родителство.

***Премини според Тројното П*** – За родителите со ризик од малтретирање на децата. Го опфаќа управувањето со гневот и другите стратегии во однесувањето за да се подобри способноста на еден од родителите за справување со одгледувањето (воспитувањето) на децата".[8]

Накратко вака претставената целокупна концепција на програмата *Тројно П* укажува на неколку важни заклучоци, а пред сè дека таа е наменета за родителите, кои несомнено се круцијалната и незаменлива алка во развојот на секое општество.

Преку овој вид програма се истакнува важноста од вклучување на родителите во решавањето на проблемите кои се појавуваат во текот на воспитувањето на сопствените деца. Како што кажавме погоре, не е лесно да се избере правилниот пат, па на тој начин, преку овие нивоа, се потенцираат различните семинари, сесии, работилници и различните типови групи, каде што родителите се главните учесници во сесиите и во советувањата, преку кои се стремат кон надминување на појавениот проблем (агресија, дисфункција, караници, непослушност, незнаења...), добиваат интензивна поддршка, мотивација, воочуваат различни аспекти, стекнуваат нови сознанија, применуваат вештини и веќе стекнати компетенции за родителството и друго.

Преку ваков вид концепт им се овозможува на родителите целосно да се пронајдат и да се вклучат во улогата на родител и најсоодветено, според нив, да го насочат своето родителство.

[8]http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/the-system-explained/level-1/ 15.9.2014 година.

Почнувајќи од рекламни материјали, кои имаат за цел да го промовираат позитивното родителство, како и сè поголемото разбирање и вклучување на родителите во позитивното родителство, понатаму, развојот и создавањето на сè поголем број родителски компетенции, како и навремено интервенирање (доколку е потребно) во поглед на воспитувањето на сопствените деца; обезбедување помош, решавање проблеми доколку постојат во корелација родител – дете; работа во групи или евентуално посета на семинари; серија сесии или, пак, индивидуални советувања; располагање со телефонски повици и линии за каков било проблем што се однесува на родителите; различен илустративен и дивиди-материјал и многу други аспекти се истакнати во оваа програма, кои едноставно предизвикуваат да се оди во длабочина за сфаќањето на круцијалната важност на родителите во воспитувањето и во надминувањето на појавените проблеми во текот на своето родителство. Сето ова е овозможено преку програмата на *Тројното П*.

## 2.2 Како функционира позитивното родителство

Бидејќи сите семејства се различни, *Тројното П* нуди голем број начини како да добиете помош и како да бидете позитивен родител. Изборот е токму на родителите.

Тука доаѓа до израз самостојниот избор на секој родител и важноста во понудата на многу широк спектар на алтернативи и можни решенија, како и начини како да се дојде до тоа.

Тоа може да се прави преку: една посета, консултации за јавноста, семинари, преку група курсеви за приватни сесии или на друг начин. На родителите им се нуди дури и можност за да си направат онлајн курс од дома за *Тројното П*.

За објаснување на тоа што претставуваат *групите и семинарите*, како особен дел од функционирањето на програмата на *Тројното П*, можеме да кажеме дека *групите* обезбедуваат повеќе насочена помош за родителите и за старателите. Тоа се родители и старатели коишто, веројатно, веќе присуствувале на семинарите и кои сакаат помош во однос на специфичното

однесување на децата, како и поголема поддршка и совети и, всушност, подлабоко запознавање со стратегиите за позитивното родителство.

Позитивен факт е дека групите на *Тројното П* најчесто се мали и пријателски, исполнети со слични родители еден на друг, а со тоа родителот не се чувствува единствен, туку едноставно е составен дел од групата. Исто така, треба да се напоменат и тековните телефонски линии (кои се вклучени во Програмата на позитивното родителство) кои нудат помош и можат да бидат особено корисни.

**Семинарите** на *Тројното П*, пак, се кратки и најчесто претставуваат вовед во стратегиите за позитивното родителство.

На пример, три 90-минутни семинари можат да помогнат на родителите да се чувствуваат посигурни и подготвени за справување со однесувањето и со емоционалните проблеми на сопственото дете. Семинарите се интерактивни и овозможуваат доволно време за родителите, на пример, имаат можност да поставуваат прашања за сето она што го доживуваат и за тоа како се чувствуваат.

Акредитираниот лидер на *Тројното П* на овие семинари може да разговара за поединечни однесувања во рамките на кое било семејство и да им помогне и да ги поддржи родителите да дојдат до позитивни родителски решенија во рамките на семејството“.[9]

Според мене, најверодостојните податоци за успешноста и за квалитетот на овој концепт и за неговото влијание врз воспитувањето на децата од раната возраст најдобро се потврдуваат преку многубројните научни истражувања од видни професори и стручњаци од повеќе области, кои придонесуваат за успешноста на спроведувањето на овој концепт.

За тоа говорат многубројните изјави на компетентните професори и истражувачи, кои ќе ни овозможат појасно да ја сфатиме суштината на оваа програма:

[9] http://www.families.nsw.gov.au/triple-p/groups-seminars.htm#seminars/ – 13.9.2014 година.

- Професор Хауард Маркман (Howard Markman), професор по психологија на Универзитетот во Денвер, Колорадо, САД, вели: „Видеосеријата *Секој родител* треба да биде во рацете на секој родител. Тие би ја сметале лесна за користење и тоа би влијаело на детскиот развој и раст. Ова е научно базирана програма која претставува мешавина од вредности од високото образование и интересна презентација на вештините и на идеите базирани на пружање помош на родителите да се справат со секојдневните и со тешките прашања. Д-р Сандерс е познат истражувач и терапевт во интернационални рамки, којшто ја има создадено најдобрата видеосерија достапна за родителите“.
- Професор Курт Хајвиг (Kurt Hahlweg), Институт за технолошка психологија, Универзитет Брауншвајг, Германија, вели: „Моите колеги и јас сметаме дека *Тројното П* е светски стандард за најдобра практика во областа на семејната интервенција“.
- Професорот Стивен Скот (Stephen Scott), консултант за детска и за адолесцентна психијтрија, Национален експертски тим за родителство и за антисоцијално однесување, болница Моудсли, Лондон, кажува:

  „*Тројното П* е одлична програма. Според мене таа е најдобра во светот за потребите на целата заедница. Различните компоненти се внимателно приспособени на потребите на голем број родители. Содржината е базрина врз основа на најдобрата научна практика и е достапна и забава. Пред сѐ, докажана е во бројни испитувања дека е многу ефикасна“.[10]

  Преку овие изјави на видни експерти од различни области (психолози, педијатри, педагози и други) може да извлечеме заклучок дека на концептуалната поставеност на овој модел се работело многу, исто така, и на неговата функционалност и прагматичност, со еден збор, биле земени предвид сите клучни аспекти кои нудат воспитување во целосна позитивна насоченост.

[10]http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/evidence-based/what-the-experts-say/read-what-experts-say/ 14.9.2014 година.

Постојат многубројни позитивни факти за работата, примената и за положбата на програмата за позитивното родителство.

За да успееме најуспешно да го приближиме концептот на позитивното родителство, како концепт кој најмногу придонесува за воспитната компонент на децата во раниот развој, сметаме дека тоа е најдобро да го направиме преку различни мислења и фатки, кои најкристално ја даваат сликата за целта на нашето истражување:

- Досега повеќе од 4 милиони децата и семејствата биле помогнати со *Тројното П.*
- *Тројното П* се користи во 25 земји, број којшто се зголемува, насекаде низ САД, Англија, Канада и Германија, како и Иран, Јапонија, Сингапур и Романија.
- *Тројното П* го зазема првото место според рангирањето програми за родителство (врз основа на докази) на Обединетите нации.
- *Тројното П* не е единствена програма, иста за секого. Со оваа програма родителите можат да посетуваат неколку приватни, 15-минутни сеанси на *Тројното П*, еден 90-минутен семинар, исто така, може да се приклучат во двочасовната дискусија во група или да се пријават за индивидуални или за групни курсеви.
- Постојат повеќе од 20 различни програми во системот на *Тројното П.* Тоа е добивање соодветна помош за секое семејство.
- *Тројното П* не служи за да ви каже како да се биде родител, туку оваа програма дава можност за избор на стратегии од страна на родителите, кои можат да ги приспособат за сите видови ситуации и проблеми.
- *Тројното П* има 17 стратегии кои служат да им помогнат на родителите за да го контролираат однесувањето на нивните деца.
- *Тројното П* може да им помогне на родителите да управуваат со детскиот бес, битките за спиење, драмите на трпеза, непослушноста, малтретирањето, со борбите и со агресијата и многу повеќе.
- „Толку ми е олеснето што јас не сум единствениот!" – Тоа е честа реакција од родителите на семинарите, во групите или во групите за дискусија на *Тројното П.*

- Родителите коишто се дел од *Тројното П* велат дека се чувствуваат помалку стресно и помалку депресивно (Весник на примарна превенција, 29, 197–222).
- *Тројното П* е во фокусот на три телевизиски серии, вклучувајќи ги и сериите во Велика Британија со висок рејтинг *Излудувајќи ги мама и тато* (*Driving Mum and Dad Mad).*
- Со овој вид програма детското однесување се подобрува и родителите се чувствуваат подобро.[11]

Многу е битно да се напомене дека позитивното родителство не е еден и единствен концепт којшто пропагира совршен родител, туку тоа е еден современ концепт којшто нуди повеќе алтернативи и можности намети за родителите, им помага и ги насочува, со еден збор кажано, ***позитивното родителство НЕ подразбира идеален, засекогаш непогрешлив родител, туку родител кој се труди да го надоградува своето родителство!***

***Тројното П им помага на родителите:*** да пораснат среќни и самоуверени деца; да се снајдат во управувањето со неморалното однесување на сопствените деца; да осознаат повеќе начини за поставување правила и рутини коишто секој ги почитува и ги следи; да изградат одреден начин на однесување кај децата во согласност со сопствените родителски критериуми. Исто така, се упатуваат и препораки до родителите да се грижат за себе, да се чувствуваат среќно и исполнето во улогата на родител и им се укажува дека ја прават вистинска работа во одгледувањето на сопствените деца.

Подолу ги приложувам и другите аспекти насочени кон родителите, вклучени преку програмата на *Тројното П*:

- Битно е родителот да биде целосна поддршка и добро да го води своето дете, кој ќе знае како да ги следи и да ги препознава неговите потреби, а не секогаш да предводи, т.е. да води.

[11] http://www.triplep-parenting.net/glo-en/fast-facts/

- Доволно добри родители се оние коишто учат за развојот на детето и коишто бараат помош (доколку е потребна), коишто развиваат способности, вештини и самосвест и разбирање на себе, на своите ставови и постапки.
- Несомнено родителството претставува еден од најголемите ризици за проблемите со однесувањето на децата коишто понатаму низ животниот циклус се појавуваат, како на пр. во адолесценцијата.
- Компетентен е оној родител кој вложува во себе и во својот однос кон детето, кој му пружа воспитување, структура, признавање и му овозможува зајакнување – тоа се темелите за развој на здрава личност.

Навистина има многубројни извори, пред сè елктронски, кои не упатуваат да истражуваме и да откриваме сè повеќе за нашиот клучен поим, позитивното родителство, како и за сите аспекти на *Тројното П*, кои доаѓаат напоредно со него.

Како релативно нов концепт, како што веќе кажавме, не постар од 30 години, нуди многу современи решенија и алтернативи за тоа како денешните родители во ова современо и динамично општество да се справат со проблемите коишто се појавуваат во семејната средина, а се однесуваат на многу категории, пред сè на воспитната компонента.

Со еден збор, кога посуштински ќе се погледне во овој концепт, ќе се увиди дека тоа е концепт кој е многустран помагател на родителите, а преку нашето истражување ќе видиме колку родители се запознаени со него, дали го прифаќаат и дали овој концепт и неговата програма им помага.

## 3. Воспитување

Вториот поим од нашиот проблем на истражување е **воспитниот концепт.**

Во врска со овој поим следуваат неколку објаснувања. Најнапред мораме да го кажеме самото потекло на терминот. „Концепт, всушност, доаѓа од латинскиот збор conceptum, што значи план, скица“.[12]

[12]http://recnik.off.net.mk/recnik/makedonski-leksikon/концепт*/25.9.2014 година.

Вака формулирано, воспитувањето е ставено во една рамка кое го претставува процесот на формирање на човекот, градењето и обликувањето на човековото суштество со сите негови телесни, интелектуални, морални, естетски и работни особини. Тоа има општо, универзално, историско и индивидуално значење. Воспитен концепт кој дејствуваува од самиот почеток на формирањето на индивидуата во личност, процес кој започнува со раѓањето на секој човек и трае сѐ до завршувањето на неговиот животот.

Воспитувањето е општествена дејност, феномен на општествените случувања.

Како сѐ повеќе се развививало општеството така сѐ повеќе се развивало и воспитувањето и станувало поорганизирано.

Првичните информации за еден вид воспитување датираат уште од многу одамна, уште од првобитната заедница. Иако тоа е на примитивно ниво, значајното е тоа што сепак постоело.

Некои археолошки истражување покажуваат дека првите училишта се појавиле во Сумер (Акад) уште околу 3500 год. пр. н.е., додека, пак, првиот професинален воспитувач бил наречен умија, што значи брат, пријател или човек кој поучува. Уште толку одамна се пишувало на глинени плочи, почнувало да се чита, пишува и да се комуницира.

Иако на многу ниско ниво, луѓето имале потреба уште во првобитната заедница да спроведуваат воспитување и покрај тоа што тоа било од самите потреби за подобар живот.

Добра околност е тоа што со појавата на првото писмо (хиероглифско, клинесто) се олеснува воспитувањето и продолжува неговиот развој, исто како и образованието. Развојот на воспитувањето се протега низ различните општествени уредувања, како робовладетелското општествено уредување, уредувањето во Спарта, во Атина, па во Рим, феудалното и капиталистичкото општествено уредување.

Воспитувањето се развивало, надоградувало, менувало, се истакнуваат различни аспекти во различни социјални уредувања, но едно е сигурно и значајно – воспитувањето е од круцијална потреба за секое општество затоа што токму во него се развива.

Воспитувањето сфатено како феномен за облагодарување на личноста на детето, може да кажеме дека претставува сложен процес во којшто дејствуваат разни фактори, се применуваат разни методи и постапки во склад со спознајните законитости, цели и задачи.

Воспитно-образовната работа мора да е планска, намерна и насочена, особено кога станува збор за работа со мали деца. Таа мора да се започне колку што е можно порано и да се влијае, поттикне и да се забрза, засилувајќи го и богатејќи го текот на развојот.

„Тоа претставува систем на формативни постапки кои почнуваат да се применуваат од самото раѓање на детето за да се влијае плански врз текот, правецот и врз границата на неговиот развој, усогласен со законитостите на развојот и на особеностите на возраста, на развојните потреби и на можности на конкретното дете, како и со барањата на општествената заедница на којашто тоа и припаѓа, односно на целите на воспитувањето во определеното општество“.[13]

Како што во рамките на воспитно-образовните институции, како градинките и училиштата, се врши, како што кажавме, плански организирана работа така и надвор од овие институции се одвиваат многу спонтани и природни воспитно-образовни дејствија.

Покрај формалното воспитување што се одвива во воспитно-образовните институции, постојат и т.н. неформални видови воспитување, како семејното воспитување (подетално ќе го објасниме подолу), средствата за масовна комуникација, помалите социјални групи (пријателите) и други; нивното присуство е помало, но, сепак, нивното значење е големо.

Правилниот избор во поглед на воспитувањето на своите деца е избор кој не е толку едноставен и, чинам, претставува најзначајниот избор од којшто зависи успехот на градењето на секоја личност. Не попусто кажале дека добриот темел е основа за градењето на секоја куќа, па, така, добрата воспитна основа е темел за една добро изградена личност.

Современото демократично општество со себе носи сè поголеми современи и успешни ориентации за правилно семејно воспитување.

---

[13]Каменов, Е. (1999), *Претшколска педагогија 1,* Белград: ЗУНС. (стр. 33)

Земајќи ги предвид сите тие аспекти можеме слободно да кажеме дека воспитниот концепт пртставува теоретска рамка во којашто се вклучува целокупниот процес на воспитување, којшто е незаменлив процес во градењето на секоја индивидуа.

Според Марко Стевановиќ ***воспитувањето*** претставува динамичен процес, изложен на постојани кавантитативно-квалитативни промени. Токму тој процес се остварува секогаш со помош на одредени средства, содржини и методи. Се заснова на човековите (персоналните) и на техничките (аперсоналните) комуникации на активни субјекти. Без воспитувањето социјалната средина не би можела да се развива, но, исто така, и воспитниот процес не би можел да се шири без социјалната средина. Воспитувањето и образованието, со еден збор, целокупниот процес на одгледување на децата отсекогаш бил и ќе остане елементарна општествена категорија, т.е. општествено условена категорија.

Покрај тоа што со воспитувањето се овозможуваат процесите на квантитативни и на квалитативни промени кај децата во однос на развојот, тоа во себе ги вклучува и следните ***функции:***

- „Интеграција и вклучување на детето во средината, т.е. во општествената заедница во којашто живее.
- Градење основа за понатамошен развој и учење, како и способност за самостојно решавање на проблемите и на тешкотиите кои се појавуваат во развојниот процес.
- Го подготвува детето за сите промени, за иднината, т.е. за водење целокупен живот со градење лична среќа и со себереализирање како личност.
- Ги оттргнува пречките, доколку се појават, нуди нови можности за развој и дава можност за корекција и за компензација во случај на застранување или на заостанување на овој процес“.[14]

Воспитувањето е рационален, плански и системтски процес, меѓутоа како таков ретко се појавува во стварноста поради тоа што, покрај рационалноста

[14]Каменов, Е. (1999), *Претшколска педагогија 1,* Белград: ЗУНС (стр. 33–34).

на луѓето со кои плански се насочува воспитниот процес, тие се интуитивни суштества, кои низ животот се водат и од своите емоции и несвесни постапки.

Иако вака поставени основните дефиниции за тоа што поточно е воспитувањето, кога станува збор за предучилишни деца, сепак треба да се истакне дека не секогаш можеме воспитувањето да го заокружиме како таков затворен, заокружен систем, па врз основа на ова, покрај другото, воспитувањето не подразбира постојано планска и организирана работа, туку воспитувањето се одвива во секојдневното течение на животот.

Воспитувањето е во функција на хуманизација на воспитните чинители. Децата од најрана возраст, со самото нивно раѓање, воспитно се облагодаруваат и токму оттогаш тие воспримаат воспитни влијанија. Најпрво од родителите, па од поблиските членови на фамилијата и сѐ така постепено започнуваат да го осознаваат светот којшто ги опкружува.

Поволна клима за воспитно дејствување се случува низ секојдневните случувања низ животот, на пример, додека ручаме заедно со семјеството, додека шетаме со нашите пријатели, додека читаме новости на интернет, додека посетуваме театар и друго.

Тоа секогаш поаѓа од битните определби на човекот, како возраста, местото каде што се остварува, условите и институциите и, секако, од времето во коешто се оствраува.

Градењето на секоја индивидуа во личност е навистина тежок, сложен и долг процес, којшто се остварува токму преку воспитувањето. Колку таа цел ќе биде постигната, сепак пред сѐ зависи од сфаќањето на значењето на воспитувањето, од неговите цели и задачи, како и од воспитувачот како водач на целокупниот воспитен процес, без разлика дали станува збор за родител или за воспитувач во институционална форма.

Воспитниот процес треба да води кон: добри постапки; позитивен однос кон работата; збогатување на емотивниот живот; развивање способности, уверувања, ставови; развивање етички и морални вредности, јакнење на волјата и обликување на карактерот, развивање мисловни способности за учење, за вреднување и друго.

Воспитувањето примарно е поврзано со духовното надоградување на човекот, како и со надоградувањето на неговиот емотивен и социјален сегмент. Тоа е двигател на градењето подобра посветла иднина.

Главната ***воспитна цел*** е создавање целосна личност во сите негови сегменти, а тоа подразбира здрав, способен, чесен и културен човек, кој подготвено ќе одговори на сите животни предизвици и ќе може да дејствува професионално, семејно, општествено и на друг начин.

Но, денеска честа е појавата на дехуманизација кога секој поединец гледа кон сè поголем материјален просперитет, а заборава на вистинскиот хуманизам, т.е. на воспитното и културно облагодарување.

Светските меѓународни органи за грижа на личностите од најмладата доба, многубројните конференции, како и Декларацијата за правата на родителите и на децата предлагаат отворени форми на воспитување и на дејствување, во коишто првично ќе има удел функцијата на семејствата и на родителите.

Воспитувањето коешто се одвива под затворени врати, т.е. во рамките на семејствата, е од огромно значење. Токму тоа воспитување е пресудно за градењето на секоја индивуда во личност којашто ќе знае да се снајде во сите понатамошни животни предизвици и проблеми.

Колку многу воспитната компонента се занемарува во училиштата за сметка на образовната, е сè почесто тема на дебатирање на стручни лица од воспитно-образовната дејност. Но, фактот дека семејството е клучно во градењето на темелните воспитни компоненти, е неоспорлив. Семејството претставувало и засекогаш ќе претставува основна социјална клетка во едно семејство.

## 4. Современо семејство

Сето горенаведено нè упатува на нашиот трет поим, кој експлицитно ќе го објасниме, а тоа е современото семејство. Но, за да дојдеме до објаснување на поимот ***современо семејство***, најпрво ќе се осврнеме и на кус историски преглед на **развојот на семејството**.

Семејството претставува најстара општествена група. Тоа е основна социјална клетка од којашто се развиваат сите посложени општествени заедници.

Идејата за семејното воспитување датира уште од времето на Античка Грција и на Стариот Рим, каде што, всушност, единството на семејната заедница, воспитувањето, општеството, како и сфаќањата за природата на човекот, постојано се вкрстуваат без разлика која од нив ќе биде предмет на анализа и развој кај тогашните мислители. Уште во Стариот век (Сократ, Аристотел, Платон), па во Средниот век, па сè до појавата и до развојот на хуманистичките идеи, од патријахалните струења, традиционалните отсликувања, па кон сè поголемото интензивирање на идејата за развојот на семејното воспитување и на современото семејство.

Недостигот од систематично знаење за семејството и за неговиот историски развој се должи на повеќе фактори: „социјална невидливост“[15] – одвоеноста од јавниот живот, а во соодност со интимниот живот и со односите меѓу поедниците; инхерентна процесуалност, а пред сè недостиг од евиденции, кои претставувале сериозна пречка за кое било научно истражување. Но, сето тоа се сменило околку 60-тите години кога започнуваме да имаме многубројни извори за семејството од минатото, за куќните заедници и за домаќинствата, претставени преку: водење дневници, пишување биографии, автобиографии, мемоари, како и преку икони, стилови на облекување и многу други нешта.

Сè до VXIII век, терминот семејство бил именуван и искажуван со други разновидни термини. Семејството е група којашто се карактеризира со заедница на маж и жена, во којашто децата родени од жената се признаени како законски потомци на двајцата родители. Семејството е доста сложен облик на проучување и на истражување и не треба да се сведе на еднострани проучувања и истражувања и на собирање таков вид податоци затоа што може да се добие искривена слика за истите тие семејства од минатото.

Во социологијата на семејството терминот семејство е сфатен како универзален образац за современото семејство и кога под овие фактори се проучува семејството, тоа се обидува да се смести во друштвениот круг и на

[15]Milic, A. (1988), *Rađanje moderne porodice*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

тој начин се доѓа до збрка на терминолошките поими. Семејството е сложена институција која во својата основа ги има истите карактеристики како и општеството, што се потврдува и со неговата полифункционалност, па според ова семејството ги следи општествените промени.

Најтипичното дефинирање на семејството би било тоа дека првично претставува социјална група која се одликува со одредени специфичности, како раѓање, развој и комуникација, што е најзначајно за нејзиното функционирање и за нејзиното воспитно влијание на децата и на младите.

***Семејството*** се појавува во време кога човекот се издигнува во еден определен степен од својот развој, се одвојува од животинското стадо и започнува да ги стекнува своите човечки карактеристики.

Постојат мноштво дефиниции од многубројни автори за тоа што претставува семејството.

На пример во рускиот филозовски речник, *Философский словарь* од 1991 година, семејството се дефинира не земајќи ги предвид сите негови сложени карактеристики: „Семејството е вид општествена заедница, тоа е најважна форма на организирање на личниот живот на човекот, се базира на брачната заедница и на односите во него, односно на мултилатералните односи меѓу мажот и жената, родителите и децата и браќата и сестрите, кои живеат заедно и имаат заедничко домаќинство“.[16]

Основната педагошка дисциплина којашто се занимава со проучување на семејството е *семејната педагогија*.

„**Предметот** на семејната педагогија го претставува родителското одгледување во негова историска, теоретска и практична смисла. Додека, пак, **целта** се темели на општите цели на воспитувањето и на образованието во секоја држава како заедница на различните народи и етнички општества“.[17]

Сè уште постојат проблеми и пречки во однос на дефинирањето на целите затоа што самото општество ги презема целите од постоечкиот воспитно-образовен систем, т.е. воспитување на децата во работна, морална и

[16]Философский словарь, 1991, (стр. 349)
[17]Stevanovic, M. (2000), *Obiteljska pedagogija,* Varaždinske Toplice: Tonimir стр. 22.

во општествена смисла, развивање на волјата, карактерот и изградба на прифатливо општествено однесување.

Преку многубројните дефинирања на целта, предметот и на задачите на семејната педагогија, најзначајно е да се истакне дека семејното воспитување треба да обезбеди услови за нормален физички, интелектуален, социјален и емоционален детски развој, со еден збор, семејството има за цел да формира здрави, стабилни, сигурни и добро насочени личности.

„***Семејното воспитување*** треба да се разбере како своевиден заокружен природен процес, во којшто со цел еден комплекс на појави и на збиднувања се отсликува целокупниот начин на животното пулсирање на меѓусемејните односи и вредности, како што се довербата, љубовта и заемната интеракција меѓу членовите, што придонесува да се создаде амбиент каде што интересот на секој член на оваа примарна заедница ќе биде почитуван и вграден во „воспитната стратегија“ и во „воспитната филозофија“.[18]

Најзначајните компоненти за успех во едно семејство, како и во семејното воспитување, се довербата, разбирањето и почитта.

Доколку семејната слика не е добро функционално поставена, мислиме на добра темелна основа, т.е. да се „бори“ и да ги совладува друштвените, семејните и личните проблеми, тогаш сето тоа се одразува на развојот на децата.

Исто така, за да добиеме една првична слика за современото семејство, навистина е битно да се објасни и ***родителството,*** кое претставува развоен процес во којшто родителите имаат активна и доминантна улога во воспитувањето на своите деца, но и во личното приспособување и менување. Родителите на сопствен начин настојуваат да ги остварат свите идеи и форми на воспитување. Со својот начин на живот во семејството, родителите пренесуваат одредени норми, вредности, обичаи, сознанија и верувања,

[18]Касапи, Ѓ. (2003) *Современото предучилишно воспитување и основно образование – состојби и перспективи,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“.

формирајќи личност на детето којашто треба да е прифатена од поширократа или од потесната општествена средина.

„Квалитетот на семејното воспитување зависи од семејните односи (итеракција, комуникација), статусот на членовите во семејството, организацијата на животот во семејството, видот и примената на воспитните мерки како намерни влијанија врз детето, како и ненамерни влијанија врз детето во семејството (бројот на членовите, бројот на децата...), губењето или измената на определени функции на семејството, но и од миграциите на семејствата, безработицата, несоодветното вработување, вклучувањето на жената во општествениот живот (еманципацијата на жената), нарушувањето на материјално-економската егзистенција на семејствата, расчекорот меѓу потребите на новото време и од можностите за адаптација на семејството“.[19]

***Семејната педагогија*** претставува една педагошка дисциплина, која во себе ги спојува и ги поврзува скоро сите дисциплини на општествено-хуманистичките науки: демографија, антропологија, психологија, историја, економија и, секако, социологија. Развојот на семејството не доаѓа од неговото примање различни облици, но и покрај сите тие заеднички облици, постојат одредени карактеристики кои го чинат семејството универзална појава во човековото општество.

Според *Педагошката енциклопедија* најчесто се определуваат следните класификациски групи семејства: „историска; структурална; според средината како фактор и според видот на семјните односи, т.е. според доминантниот семеен вредносен систем“.[20]

Врз основа на сето ова, семејството е многу сложена институција којашто тешко може накусо да ја дефинираме. Согласно со анализата на воспитната функција на семејството, потребно е да се направи истражување и толкување на некои значајни елементи на семејството и на неговата улога во развојот и во воспитувањето на децата од најраниот развоен период, како на пример: „контекстуализација на воспитувањето, што претставува процес на воспитување на детето во контекст на животот, односно во рамките на

[19]Котева-Мојсовска, Т. (2006), *Семејното воспитување и социјалното однесување на децата,* Скопје: Акедемски печат. (23–24 стр.)
[20]Педагошка енциклопедија, 1989, стр. 446

автентични и неимпровизирани влијанија, настани и средства. Врз основа на ова, семејството претставува природно организиран модел врз принципот на контекстуализација на воспитувањето. Тоа е, всушност, полифункционалноста која го доближува семејството до општествениот живот и динамика“.[21]

Исто така, мораме да напоменеме дека на семејството се даваат повеќе функции (репродуктивно-продуктивна, биосоцијална, сексуална, едукативна, општествена, економска, интимна, динамична, активна, општествена, заштитна, емотивно-сигуросна и многу други), но гледајќи ги како одвоени, тие се еднострани и не го даваат целосното значење кое го има оваа инстутиција во развојот на човештвото. Затоа, тие мора да се гледаат меѓусебно повразни, нераскинливо условени.

Наталија Витас зборува за неколку основни функции на семејната заедница: грижа за биолошкиот опстанок на детето; осигурување здрав и нормален развој; задоволување на сите човечки потреби и можности на детето, како на пример, интелктуални, емоционални и социјални (Vitas, 1983, стр. 5).

**Современо семејство (родителство)** – во однос на овој поим, кој ќе го среќаваме подолу низ истаржувањето, пожелно е да се истакне мислењето на Џјуал (Juul) (2005):

„Денешните родители се соочени со историски единствена задача. Тие мораат буквално отпочеток да измислат партнерство меѓу мажот и жената, а, воедно, и водство во однос на децата и на младите и сето тоа да биде во склад со најновите вредности и цели, како што се рамноправно достоинство и автентичност, со што би одбегнале загрозување на интегритетот на децата и на младите“.[22]

Родителското водство во однос на децата е различно, па затоа родителите и децата имаат различни барања, потреби и граници.

Кога едно човечко суштество ќе одлучи да има дете, тогаш тоа решава да го промени својот идентитет, на пример, од девојка во жена, од маж во татко.

[21]Котева-Мојсовска, Т. (2006), *Семејното воспитување и социјалното однесување на децата,* Скопје: Акедемски печат. (стр. 30)
[22]Juul, J. (1995), *Vaše kompetentno dijete*, Zagreb: Educa, Nakladno društvo (стр. 254).

Многу често младите родители се збунети во однос на нивните новостекнати секојдневни активности и процеси, коишто претходно не биле составен дел од нивното секојдневие. Многупати се зборува за занемарување на сопствената личност и на идентитетот за сметка на новодојденото бебе.

Но, според Анѕелка Милич, авторка на книгата *Раѓање на модерното семејство (Rađanje moderno porodice)*, децата не треба да бидат постојан предмет на разговор затоа што не треба да заборавиме дека и ние сме личности со свои потреби, чувства, соништа и друго.

За опишување на денешното семејство, како модерно и современо, првична асоцијација е демократична атмосфера, полна со разбирање, почитување, позитивна интеракција и комуникација, вклученост на сите членови на семејната заедница, но дали навистина секое денешно семејство е вака хармонично и со сите епитети на совршеност?

Во последната декада сè почеста е состојбата во современото, нуклеарно, семејство родителите да се во дефицит на време, растргнати измеѓу динамиката на секојдневниот напорен живот (професионалната кариера) и семејниот живот. Тие забораваат да разговараат со своето дете, да даваат поддршка, да го негуваат, да изразуваат љубов и почит, да си играат со сопственото дете и итн., со еден збор, родителите и децата се формално заедно.

Семејството драстично се разликува од другите социјални групи затоа што во него не постојат конкретни, одредени правила, начела и принципи на функционирање. Но, односот меѓу членовите во семејството, како и нивните права и должности, можат да бидат регулирани од традиционалните начела, но и од современите сфаќања за вредностите на целокупниот живот.

Исто така, можеме да говориме дека семејството претствува активна, динамична институција во чијашто внатрешност се одвиваат специфични односи, кои му даваат белег на секое семејство како посебна и единствена заедница. Но, сепак, интимноста на секое семејство не е едноставно препуштена на внатрешната кохерентност, туку, како што кажавме погоре, таа се утврдува и со општествените норми, правила, принципи, како и обичаи,

морални и правни правила, а со тоа се потврдува дека семејството е одраз на општественото уредување.

Најчесто доаѓа до несогласување измеѓу можностите и очекувањата за семејните потреби, интереси и желби на децата и на останатите членови во семејството, секако, и на родителите. Поради тоа, најпотребно е семејствата постојано да ги следат промените во социјалното опкружување.

„Современото семејство е сè повеќе во криза поради друштвено-економската и политичката криза. Поради тоа и младите имаат сè повеќе тешкотии во развојот, учењето и во однесувањето. Значењето и влијанието на семејството на децата и на младите е основа за изборот и за сигурноста понатаму во животот“.[23]

Поддршката, љубовта и разбирањето низ патот на довербата и на меѓусебното почитување од најблиските е незаменлива.

За жал, денешните родители многу често даваат модели на воспитување коишто не одговараат на потребите на детето, а причините се многубројни.

Семејството како прва природна и спонтана воспитна средина, во којашто детето ги стекнува своите први искуства, ги учи првите зборови, ги прави првите чекори, ги создава првите социјални контакти и итн., сè почесто станува мит отколку стварност во урбаното живеење.

За децата на предучилишна возраст семејството претставува свет во мало и треба да е свет којшто ќе остави позитивни последици во подоцнежните фази од развојот на секоја личност. Не случајно е кажано дека првите 6 години од животот на секое дете се реприза во подоцнежните години.

Во Педагошката енциклопедија, во редакција на Никола Поткоњак и на Перо Шимлеша, за семејството, покрај другото, се вели: „Семејството во себе обединува бројни и различни страни и карактеристики на човековиот живот во општеството...Биосоцијалните фактори условуваат специфичности на овој вид

[23]Будимир-Нинковиќ, Г. (2009), *Савремена породица и школа,* Јагодина: Педагошки факултет. Стр. 25–26

човечко и општествено групирање, што се изразува во структурални, функционални, релациски и динамчни карктеристики на семејството“.[24]
Развојот на индустријата, техниката и на науката придонесуваат за дисперзија на семејството во различни типови, коишто ја определуваат и семејната воспитна клима.

Според професорот Данилов, денес, домот и семејството, како животна средина, се сметаат како најважен услов за формирањето на личноста и според ова ги согледуваме позитивните компоненти на семејното гнездо кои се од круцијална важност за нашиот т.н. концепт на позитивното родителство. Но, и покрај тоа, за жал, во домот и во семејството може да се забележи одраз на психолошкиот стрес и на нервната напнатост на неговите членови.

Како последица на кризата на семејството, исто така, треба да се додаде и неуспехот на една од неговите главни функции, т.е. на едукацијата и на социјализацијата на новите генерации. Тоа доведе до појава на занемарување на децата и се зголеми појавата на детското бездомништво, малолетничкиот криминал, како и на детската проституција, на дрогирањето, пушењето, употребата на алкохол, падот на авторитетот на родителите и на наставниците и на зголемувањето на конфликтите во рамките на семејствата, како и меѓу родителите и градинките, училиштата и друго.

Во современите семејни односи стана карактеристичен трендот на прагматичноста на семејната интеракција со идејата на користа, конкуренцијата, либералното демократско функционирање на семејството и на меѓучовечките односи во рамките на семејството, како замена за традиционалните морални принципи.

Со објаснување на овие клучни поими ќе се добие една првична претстава за тоа што ќе истражуваме и тоа ќе овозможи разбирање на основната теоретска поткрепа, без којашто не може да продолжи истражувањето.

[24]Pedagoška enciklopedija I (1989) (red. Potkonjak, N i Šimleša, P.), Beograd: Zavod za udžbenika i nastavna sredstva.

# 5. Релевантни истражувања

Додека истражувавме во областа на нашиот проблем *Позитивно родителство – воспитен концепт во современото семејство*, кога станува збор за релевантни истражувања од областа на оваа проблематика, пронајдовме неколку истражувања кои навистина ни помогнаа да ги согледаме значајните компоненти во процесот на истражувањето и ќе ни послужат како добра подлога за спроведување на нашето истражување.

## 5.1 Истражување во Хрватска

Најнапред сметаме дека е потребно да приложиме едно истражување коешто би било поблиско до нашето македонско тло, а тоа е истражување кое се спровело во Хрватска и ја опфаќа нашата проблематика.

Се работи за истражување во Хрватска коешто го спороведува **УНИЦЕФ** врз основа на Конвенцијата за правата на децата на ОН. По тој повод е искреиран прирачник под наслов *Родителство за најдобар интерес на детето и поддршка на родителите на најмладите деца* ***(Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta i podšrka roditeljima najmlađe djece)***.

Во склоп на акцијата *Првите три години се најважни* ***(Prvi tri najvažnije),*** во Хрватска се спровела т.н. работилница со родители *Растеме заедно (***Rastimo zajedno),*** наменета за родители со најмали деца на возраст до 4 години.

Овој проект, т.е. работилница, започнува да се спроведува како пилот-програма, траела три години, а резултатите во јавноста се приложени во 2006 година. Тука мора да се спомене и Советот на ЕУ со препораките за поддржување на т.н. концепт на позитивното родителство, со проследените документи наменети за родителите *Клучни пораки за родителите* и за стручњаците *Упатства за стручњаци*.

Добиените резултати од евалуацијата во однос на работилницата со родители *Растеме заедно* се состојат од спороведени два циклуси, коишто во текот на нивното одвивање биле континуирано евулирани. Но, овде ќе ги приложам

резултатите од интерната евулација на подоцна применетата програма од **11 работилници**.

Резултатите се темелат на квалитативни и на квантитативни податоци собрани од родителите и од носителите на оваа програма.

Секоја работилница била евалуирана врз основа на извештаите приложени од носителите на тимовите преку сопственото искуство од спроведените истражувања додека траела работата во работилниците. Исто така, се употребувале и пишани повратни информации од родителите, коишто ги давале по завршувањето на секоја работилница.

За потребите на спроведената евалуација, оние родители коишто учествувале, а и оние родители коишто не биле вклучени во програмата, пополнувале т.н. прашалник за родители, пред и по целиот циклус на спроведување на работилниците. Исто така, родителите-учесници во работилниците по завршувањето на циклусите од работилниците пополнувале уште и Евалуациски прашалник.

Како што е претходно наведено, **општата цел** на програмата на работилниците со родителите *Растеме заедно* е развивање на верувањата, вредностите и на однесувањето во склад со поттикнување ненасилно родителство кое ги почитува децата како личности и нивните права во рамките на семејството, со што се истакнува и се зајакнува родителската компетентност.

Потоа, секоја работилница имала свои специфични цели врз основа на посебните родителски ставови или однесувања, кои заедно овозможуваат остварување на општата цел на програмата.

Целта на евалуацијата на програмата била да се истражи дали се остваруваат планираните цели и во која мерка, односно да се открие како учеството во работилниците дејствувало на одредени родителски мисли, однесувања и претпоставки, да се види како тие би се однесувале во зададените ситуации.

**Клучни прашања на евалуацијата биле:**

- Дали учеството во концептот на работилницата влијаело во поглед на родителските уверувања во врска со односот кон мало дете,

включувајќи ги и нивните размислувања и ставови во однос на телесното казнување?

- Дали учеството во работилниците влијаело на субјективното доживување на родителството? Дали се зголемило чувството на родителска компетенција и на задоволство од задолженијата како родител? Дали се намалил т.н. родителски стрес?
- Во текот на програмата се поставува и прашањето дали со самото учество на родителите се зголемува фреквенцијата на пожелни родителски однесувања (пр. читање книга) и веројатноста на позитивните родителски реакции на детските негативни емоции (пр. вриштење)? Се намалува ли количината на непожелни родитеслки однесувања (викање врз детето и удирање врз него)? – се мисли на негативните родителски реакции во однос на детските непријатни емоции.

Скицата од евалуациското истражување претставувала двократен нацрт со нетретирана група за споредба. Станува збор за неурамнотежени групи родители, оние коишто земале целосно учество во програмта, т.е. во работилницата, N=231 и оние коишто не учествувале во работилниците N=348.

***Прашалникот со тврдења за односот кон децата од најраната возраст*** *(Upitnik uvjerenja o odnosu prema djecina mlade dobi)* се состоел од 10 тврдења, како отсликување на верувањата на родителите во врска со родителските постапки кон малите деца, со коишто родителите го истакнувале пристапот на сопственото (не)согласување со децата од најраната возраст. Тоа се верувања во рамките на штетноста на преголемата топлина кон децата, на пр. преголема доза пофалби и нежност; во врска со нереагирањето на детското беспричинско плачење итн.

Родитеслкиот стрес се мерел според адаптираната *Скала за родителскиот стрес (Ljestvica roditeljskog stresa)* (Gottlieb, 1997.) која вклучува 7 прашања. Учесниците одговарале колку често како родители се чувствуваат напнато, загрижено, нервозно, луто, несреќно, емоцијално истрошени и несигурни во себе.

Додека, пак, субјективните доживувања на родителската компетентност се мереле преку начините преземени од *Прашалникот за самопроцена на компетентноста на родителите (Upitnik samoprocjene kompetentnosti roditelja)* (Gibaud-Wallston i Wandersman, 1978). Тука се мереле две структури: „родителското (не)задоволство од исполнувањето на родителската улога и перцепираната делотворност во улогата како родител“.[25]

## 5.2 Истражување од Центарот за семејна и за родителска поддршка – Квинсленд, Автстралија (Pareting and family support centre, The University of Queensland – Australia)

На официјалната интернтет-страница од Центарот за семејна и за родителска поддршка (Pareting and family support centre), во склоп на Универзитетот во Квинсленд, Австралија, се приложени сите аспекти на работата на целокупниот универзитет, како и сите карактеристики на овој центар, којшто за нас е од особен интерес, затоа што се поврзува со нашиот проблем на истражување.

За работата на програмата на *Тројното П* и за неговата примена говорат и многубројните проекти и истражувања во овој центар спроведени од страна на професорите и на соработниците на овој виден универзитет.

Во прилог следува пресек на еден изработен проект под наслов ***Позитивно родителство кај претшколска возраст (Positive Parenting of Preschoolers Trial)***

Овој проект имал за цел да спореди три варијанти на семејно однесување при вклучување и при интервенција на концептот на *Тројното П*. Во него учествувале 305 семејства со 3-годишни деца со висок ризик за развивање проблематично однесување. Семејствата по случаен пат биле распределени во една од четирите групи: *Стандардно Тројно П, Себенасочено Тројно П, Подобрено Тројно П* и *Листа на чекање*. Според рангирањето на ова

[25]Pećnik, N. ,Starc, B. (2010) *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrška roditeljima najmlađe djece* , Zagreb: Ured UNICEF-a za Hrvatsku, стр. 66–84.

истражување се констатирало дека третата група произвела најмногу константни краткорочни ефекти, на второ место била Стандардната група, а Саморежирачката – на трето.

Програмата покажала зголемено позитивно влијание на мајката по интервенцијата и намалено негативно влијание во сите четири групи во рамките на семејното опкружување, секако, по завршувањето на интервенцијата. Покрај тоа, семејствата коишто биле дел од третата група по интеревнциите пријавиле помала употреба на дисциплински мерки во семејството, а повеќе задоволство и ефикасност и помала физичка агресија кон децата. Мајките од првата група пријавиле слични резултати во однос на дисциплинските мерки, но нивото на физичка агресија останало исто како и пред интервенцијата. Мајките од втората група пријавиле зголемено задоволство и ефикасност, но физичката агресија, како и дисциплинските мерки останале без промена.

По една година, децата од сите три групи постигнале слични нивоа на клинички релевантни промени.

Две третини од децата покажале намалување на негативните реакции кон родителот. Секоја од интервенциите завршувала со значително подобрена состојба во рамките на семејството, а во извештаите се следело намалувањето на депресијата и на стресот кај мајките.

Овие наоди се повеќе и од докази дека и кај различните варијанти на однесување на децата може да се реагира преку интервенција, којашто позитивно ќе резултира. Резултатите покажуваат дека кај децата со висок ризик, т.е. кај децата кои потекнуваат од посиромашни семејства, потребно е да се пристапи преку интервеницја на првата група, а ако таа не резултира со успех, тогаш да се премине на дополнителни интервенции. Но, се напоменува дека подобрената интервенција треба да биде применета само кај специфични случаи.

### 5.3 Истражување во Германија и во Швајцарија

Ова истражување, кое се спорведува во Германија и во Швајцарија, е започнато во **1999 година** и сѐ уште е активно, што значи дека е лонгитудинално истражување кое сѐ уште е во процес.

Истражувањето го спороведуваат **приватни здравствени и образовни организации**. Децата се поделени во две групи: деца на возраст од 0 до 5 години (млади деца) и деца од 6 до 12 години (средни деца).

*Целна група* на истражувањето се самохрани родители, двајца родители во брак, како и родители од разведено семејство.

*Програмата Тројно П* се спорведува со цел да се спречат емоционални пречки кај децата, кои можат да доведат до сериозно нарушување на нивното однесување и поведение, преку позитивна грижа од страна на родителите.

Програмата се спороведува на 5 нивоа, а ова истражување се задржува на ***четвртото ниво*** кое ги учи родителите како да препознаат проблеми во однесувањето на децата, како во домот така и надвор од него.

„Од досегашната ***анализа на резултатите*** се заклучило дека *Тројното П* е ефикасно за подобрување на родителските вештини и на чувството на компетентност, во поголема мера кај мајките отколку кај татковците. Ова е резултат на истражувањто спроведено во Швајцарија.

Истражувањето во Германија донело слични резултати, но татковците во Германија се одликуваат со подобрена дисциплинска техника, благодарение на *Тројното П*.

Заклучно со 2010 година, програмата покажала значително поголем ефект кај мажените мајки отколку кај самохраните.

Во 2008 година во **Швајцарија** во истражувањето биле вклучени 87 двојки. Тие биле регрутирани преку јавен оглас во локалните весници. Родителите добиле можност да се запознаат со проблемите со коишто се занимава програмата, биле впуштени во интервенција на нивото 4, а изборот на двојки не се свел единствено на семјества во коишто веќе бил забележан проблем во однесувањето на децата. Родителите работеле во четири групи, а целта била да ги научат стратегиите за развој на нивното дете. Двојките биле

оценети на база на нивните ***родителски вештини и интеракции*** со децата. Од некои од двојките учество земале само по еден од родителите. Дел од родителите биле ставени во интервенциски групи, а дел од семејствата биле следени во период од една година во контролни групи.

Од истражувањто се заклучило дека подобрени ефекти има кај родителската дисциплина и кај родителската компетентност. Кај мајките од интервенциските групи и од едногодишното следење не се воочило значителна разлика во ефектите. Но, за разлика од нив, кај татковците од интервенциските групи се забележило значителен развој во родителската дисциплина“.[26]

„Во **Германија,** пак, истата година во истражувањето биле вклучени 69 мајки и татковци со деца чијашто возраст се движела од 3 до 6 години. Тие беа впуштени во нивото 4, но важно е дека ова истражување не опфаќало групни сесии. Па, така, родителите комуницирале со истражувачите преку телефон и на самите интервенции. Исто така, тие биле охрабрени да водат и дневник за однесувањето на нивното дете и по период од 10 недели биле оценувани за нивните вештини за решавање на проблемите.

На крајот од истражувањето се заклучило дека има голема разлика меѓу мајките од интервенциските групи и оние од телефонските разговори, пред сè во поглед на родителските техники коишто ги применуваат и на родителската дисциплина. За разлика од нив, татковците од двете групи го завршиле истражувањето без поголеми разлики во нивниот квалитет.

Додека, пак, во **2010 година** во Германија започнало оценувањето на децата на претшколска возраст, од 2,6 до 6 години. Во истражувањето учествуваа 17 забавишта и градинки и 280 родители. Тие учествувале во 4-неделни групни сесии и во 4-неделни факултативни повици.

На седниците на групите родителите учеле стратегии за управување, се фокусирале на промовирање компетентност и развој кај своите деца и учеле управувачки техники во однесувањето на децата.

Вештините на родителите, како и однесувањето на самите деца, биле оценети на почетокот, веднаш по периодот на интервенцијата, на една година

[26]http://europa.eu/epic/practices-that-work/evidence-based-practices/practices/triple-p_en.htm - 20.9.2014 год.

и на две години по интервенцијата. Мајките и татковците во брак и самохраните мајки биле посебно оценети со оваа евалуација.

Кај мајките во брак *Тројното П* имало позитивно влијание. Позитивни ефекти имало веднаш по интервенцијата, на една и на две години по интервенцијата, во поглед на рејтингот на проблеми во целокупното однесување на децата, во рејтингот на родителски дисциплински техники, како и во рејтингот на позитивното и охрабрувачко родителство.

Кај татковците во брак *Тројното П* имало позитивно влијание врз рејтингот на родителските дисциплински техники веднаш по интервенцијата, една и две години по неа.

Но, *Тројното П* не направило значајни ефекти кај самохраните мајки и во однос на позитивното родителство и однесување при проблемите со децата“.[27]

### 5.4 Истражување во Србија

Ова истражување се однесува на среќата како компонента којашто го прави семејството подинамично, поисполнето, со поголема почит меѓу членовите во рамките на семејството и друго. Таа е најбитна за функционирање на едно семејство како едно сплотено семејно гнездо.
Како таа се постигнува и од што сè зависи во едно семејство се согледува со помош на ова истражување. За нас особено битно во поглед на нашата цел на истражување е тоа што ова истражување, кратка студија, е направено на територијата на соседна Србија и, секако, се поврзува со концептот на позитивното родителство, токму поради тоа што среќата е главен аспект во позитивното родителство.

Во графиконот, којшто следува подолу, под наслов *Честотата на заедничките активности на родителите и на децата (Учесталост заједничких активности родитеља и деце)*, изразени преку проценти, се претставени повеќе категории: Одење во парк или на игралиште (Одлазак у парк или на игралиште) – 73,5 %, најголем процент; Разговор пред спиење или читање приказна (Разговор пред спавање или читање прича) – 67,2 %, втор

[27]Ibid

процент по големина; Спорт или хоби со децата (Спорт или хоби са децом) – 38,8 % и најмалиот процент – 28 %, се однесува на категоријата Концерт, кино и јавен настан (Концерт, биоскоп и јавни догађај).




Ова истражување носи наслов ***Силно семејство – најважно за срећата.***

Најважно за едно дете е каква е атмосферата во домот, дали родителите го поддржуваат, а не дали има нов и скап телефон.

Како што тврдел познатиот руски книжевен класик Лав Толстој дека сите среќни семејства личат едно на друго така и најновите резултати на истражувањата на УНИЦЕФ недвосмислено говорат дека заедничкиот именител на едно среќно семејство се кавлитетните емоционални односи меѓу родителите и децата и потчитта меѓу брачните парови.

Најсреќни се оние семејства во коишто родителите и децата меѓусебно, заедно работат на голем број работи, а најзначајна потпора за српските семејства

претставуваат бабите и дедовците, на коишто семејствата најмногу сметаат кога имаат проблем или кога им е потребна поддршка.

Среќните семејства имаат развиено социјална мрежа и се потпираат на поширокото семејство и во моменти на среќа, но и во моменти на тага. Материјалното богатство не влијае на среќата на членовите на едно семејство, освен кога материјлната ситуација е навистина лоша, при што доаѓа до нарушување на сигурноста на семејството.

Ова се само неколку најитересни резултати земени од студијата на УНИЦЕФ под наслов *Среќа и семејство со децата во Србија (Срећа и породице са децом у Србији)*, која е спроведена на околу 600 домаќинства во 28 општини на Србија. Најважните резултати на оваа студија покажуваа дека дури две третини од српските семејства се среќни.

„Тајната на среќата лежи во квалитетот на нашите односи со другите. Карктеризирањето на едно среќно семејство се гледа во добро воспоставените односи, почитувањето на сите членови во рамките на семејството, партнерското родителство и во квалитетното време поминато со децата", исткнал Мишел Сент-Лот, директор на УНИЦЕФ во Србија, а ова претставува најважниот податок од ова истражување.

Конфликтите во семејствата се едни од најголемите ризични фактори за несреќа на нивните членови. Во семејствата во коишто царуваат расправијата и конфликтите шансата за тоа семејство да биде несреќно е 12 пати поголема во однос на семејствата во коишто нема карање. Врз семејната среќата влијае како напнатата атмосфера така и отворената расправија и караница.

Исто така, ова истражување покажало дека родителите во Србија имаат високо ниво на социјална поддршка, дури 90 % од нив сметаат дека може да се потпрат на своите родители, брат и сестра и на други роднини, додека на пријателите, соседите и на кумовите, може да се потпрат околу 60 % од семејствата во Србија.

Семејствата коишто секојдневно имаат заеднички оброци се посреќни од другите за дури 90 %.

Авторот на ова истражување истакнува дека поважен е социјалниот отколку економскиот аспект за среќата, што укажува дека високиот материјален статус не придонесува за среќата, иако често се мисли спротивното“.[28]

[28] http://www.politika.rs/rubrike/Drustvo/Jaka-porodica-najvaznija-za-srecu.sr.html / 10.9.2014

# II дел

# Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

**Предмет** на ова истражување е примената на воспитниот концепт на позитивното родителство во современото семејство.

Предметот на ова истражување ги опфаќа следните аспекти:

- информираноста на родителите за концептот на позитивното родителство;
- аспектите на позитивното родителство;
- можноста за примена на концептот на позитивното родителство (програмата на *Тројното П*) во воспитувањето на децата во современото семејство.

## 2. Вид и карактер на истражувањето

Пред сè ова истражување е **применето** бидејќи има за цел да го збогати научното сознание, да придонесе за педагошката теорија, откривајќи ги законитостите и односите меѓу појавите и да ја унапреди педагошката практика. Со еден збор, применетото истражување е насочено кон решавање практични проблеми.

Ова истражување е **квалитативно**, но и **квантитативно,** т.е. постои методолошка триангулација. Истражувањето се одвива во природна средина, односно онакво какво што е, не постои вештачки создадена средина. Исто така, она што го гледаме, го гледаме низ призмата на нашите испитаници и добиваме реална слика.

Ова истражување е и **акциско** затоа што спроведуваме акција со помош на двете фази преку кои го спроведувавме нашето истражување, со цел да ја добиеме вистинската слика за семејствата.

Нашето истражување претставува и **експериментално истражување**, т.е. квазиексперимент, поради тоа што имаме само една експериментална група, но, сепак, добиените резултати на крајот ќе можеме да ги споредиме – инцијалната состојба (1 фаза) со финалната состојба (2 фаза) од нашето истражување.

Ова истражување може да се вброи и во **лонгитудинално** истражување поради тоа што една појава се следи подолг временски период, а тоа во нашето истражување е претставено со помош на методот на ***фокус-групи***, преку којшто следиме повеќе поединечни случаи (родителите) за да ги воочиме одредените карактеристки потребни за нашето истражување, во период од 3 недели.

Претставува и **современо истражување** затоа што обработува проблематика која е актуелна, современа и провокативна во општествената сфера. За да се приложи современата моментална состојба на нашиот проблем на истражување, мора да се потпреме на историската генеза на проблемот, па затоа најчесто се започнува со **историското истражување**.

Тоа е и **дескриптивно** истражување во коешто се користи дескриптивниот метод, со кој појавите се запознаваат онакви какви што се и толкави колкави што се, што значи се утврдува фактичката состојба на појавата. Во нашето истражување дескриптивноста е застапена повеќе поради тоа што доминира квалитативниот приод.

Претставува и **индивидуално** истражување затоа што го спроведува еден истражувач.

- **Карактерот** на истражувањето обработува тематика поврзана со научните дисциплини од семејната педагогија и од предучилишната област.
- **Целна група:** родители на деца од различна возраст (од 2 до 6,5 години) и воспитувачи.

## 3. Цел на истражувањето

**Основна цел** на истражувањето е да се испита информираноста на родителите за концептот на позитивното родителство и можноста за негова примена во современото семејно воспитување.

## 4. Задачи на истражувањето

1. Да се провери колку родителите знаат за одговорностите кои со себе ги носи родителството.
2. Да се испита колку родителите се запознаени со основните права на децата според Конвенцијата за права на детето на ОН.
3. Да се провери на кој начин родителите пристапуваат кон воспитување на децата во раниот детски развој, како најзначаен развоен период.
4. Да се испита колку современите родители денес ги исполнуваат барањата на динамичниот општествен живот и колку успеваат да воспостават интеракција со сопствените деца.
5. Да се испита дали вработените родителите имаат доволно време за воспитување на детето.
6. Да се испита колку често родителите посетуваат формални или неформални облици на едукација за градење на родителските компетенции.
7. Да се согледаат различните начини, методи и стратегии на воспитување во современ семеен контекст.
8. Да се испита дали родителството им причинува стрес и нервоза на родителите.
9. Да се истражат можните начини и стратегии за решавање на семејните проблеми.
10. Да се испита дали родителите применуваат формален начин на воспитување на своите деца или алтернативни начини.
11. Да се согледаат можностите и потребите на современите родители за едукација насочена кон т.н. позитивно родителство.
12. Да се истражи дали воспитувачите како едукатори организираат работилници за информирање на родителите за концептот на позитивното родителство.
13. Да се испита интеракциско-комуникациската поврзаност на родител – дете.

14. Да се истражи во колкава мера се почитуваат детските природни иницијативи од страна на родителите.
15. Да се испита количината (дневно и неделно во часови) поминато заедничко време во секојдневни активности.
16. Да се запознаат родителите со концептот на позитивното родителство и со неговата програма.
17. Да се презентираат различните аспекти и стратегии на позитивното родителство.
18. Да се согледаат можните придобивки од примената на концептот на позитивното родителство.
19. Да се посочи едно од првите три нивоа кое може да послужи за надминување на проблемите во семејното воспитување.
20. Да се применат некои од стратегиите или нивоата на концептот на позитивното родителство од страна на родителите.
21. Да се отворат нови различни хоризонти и можни патишта за нови начини на семејно воспитување.

## 5. Хипотези

Од гореизнесените цел и задачи произлегува нашата **главна хипотеза:**

**1. Концептот на позитивното родителство влијае врз примената на современ начин на семејно воспитување на децата.**

- ### Поединечни хипотези:

**Х1** – Родителите делумно се запознаени со правата на децата според Конвенцијата на ОН.

**Х2** – Родителите не се доволно информирани за значењето на раниот детски развој, како најзначаен развоен период.

**Х3** – Родителите преферираат еден пристап на воспитување на сопствените деца за којшто сметаат дека е исправен и универзален.

**X4** – Воспитувачите и наставниците често организираат работилници во коишто ги вклучуваат родителите.

**X5** – Родителите имаат потреба од дополнителна едукација за концептот на позитивното родителство.

**X6** – Родителите ја ценат детската индивидуалност, спонтаност и интерес и премногу ги разгалуваат своите деца.

**X7** – Родителите пронаоѓаат време за себе и за потребите на своите деца преку комуникација, соработка, интерактивни активности и преку градење позитивна клима.

**X8** – Родителите чувствуваат нервоза, притисок и несигурност во воспитувањето на своите деца.

**X9** – Родителите сметаат дека се добри родители, но не дека е едноставно да бидеш добар родител.

**X10** – Родителите се во тек со современите начини на семејно воспитување и се отворени за проширување на сопствените знаења и способности.

**X11** – Родителите ја разбираат суштината на концептот и се трудат да го применуваат во решавањето на семејните проблеми.

**X12** – Родителите се чувствуваат посигурни во сопственото родителство, се со поголема трпеливост, нежност и љубов, а со помала нервоза и несигурност.

**X13** – Родителите немаат енергија и време за себе.

**X14** – Родителите се среќни во улогата на родител и се трудат да создадат позитивна клима во својот дом.

**X15** – Концептот на позитивното родителство нуди нови гледишта, алтернативи, знаења и информации за новите начини на современото семејно воспитување.

**X16** – Воспитувачите и наставниците се во тек со сите воспитно-образовни промени во Р. Македонија.

**X17** – Родителите се активни субјекти во воспитно-образовниот процес, најчесто преку работилници.

**X18** – Наставниот кадар може да претпостави што е позитивното родителство, но не бил дел од обуки за овој концепт.

**X19** – Воспитувачите и наставниците организираат работилници и им помагаат на родителите за подобро родителство.

**X20** – Персоналот организира работилници за родителите на најразлични теми, но недоволно за градење посигурно родителство.

## 6. Варијабли

**Независни варијабли** во ова истражување се: примена на концептот на позитивно родителство, возраста на родителите, (не)вработеност на родителот, образованието, едукацијата и информираноста на родителите.

**Зависни варијабли** во ова истражување се: ставовите на родителите во однос на семејното воспитување на децата, користење нови современи начини на воспитување, (не)доволно време за воспитување на своите деца, интеракциско-комуникациската поврзаност меѓу родителот и детето.

## 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

- **Техники**

Во рамикте на ова истражување ги применивме, како прва и основна техника, т.н. ***фокус-групи*** составени од 10 родители поради сложеноста на нашиот предмет на истражување.

Користена е техниката на **анкетирање** за да добиеме вистинска слика за информираноста на родителите за концептот на позитивното родителство и за неговото влијание на примената на современ начин на семејно воспитување, како и на самиот наставен кадар, составен од воспитувачи и од наставници од 1 одделение.

- **Инструменти**

Од инструментите ќе се користат:

– **Анкетен лист** (прашалник) – наменет за родителите во однос на тоа колку се запознаени и колку го применуваат концептот на позитивното родителство, како современ начин на семејно воспитување. Овој анкетен лист го користевме во *првата фаза* со цел да ја измериме иницијалнта состојба на родителите во однос на познавањето и на примената на концептот на позитивното родителство.

– **Прашалник** – наменет за воспитувачите и за наставниците од прво одделение во однос на тоа колку се запознаени со позитивното родителство и колку често ги вклучуваат родителите во обуки и во работилници за воведување нови современи начини на семејно воспитување.

Прашалниците ги состојат од одредени тврдења преку кои испитаниците можат да одговорат со одреден степен на согласност преку понудените одговори: „да", „не" или „делумно". Улогата на набљудувач ја има самиот истражувач.

– **Листа за проверка (чек-листа)** – наменета за семејствата во завршната (евалуациска) фаза, со цел да ги согледаме придобивките и различните аспекти од концептот на позитивното родителство, како и понатамошната примена на овој концепт.

## 8. Популација и примерок на истражувањето

Во нашето истражување користевме пригоден примерок – *родители*, токму поради тоа што наша целна група во истражувањето беа родителите на деца од различна годишна возраст до 6,5 години.

Одбравме 3 фокус-групи на родители на деца од 2- до 6,5-годишна возраст, со по 10 родители во една група.

Исто така, примерок ни беа и *воспитувачите* од две градинки, поточно градинките од каде што ги формиравме фокус-групите на родители на деца и една група наставници од прво одделение, т.е. наставниците на децата од третата група родители што беа избрани од скопско основно училиште (земајќи

го предвид фактот дека денеска во прво одделение тргнуваат деца и со 5 години и 6 месеци).

Во нашето истражување вклучени се вкупно 30 испитаници, 20 воспитувачи и 10 наставници на деца од прво одделение:

- ЈУГД „Срничка“ – клон Изворче
- ЈУГД „Весели цветови“ – клон Сончоглед
- ОУ „Дане Крапчев“ – општина Ченто

## 9. Анализа и интерпретација на податоците

Ставовите и мислењата на родителите, воспитувачите и на наставниците од прво одделение и степенот на познавањето и на евентуалната примена на концептот на позитивното родителство беа сублимирани преку аналитичко-синтетичкиот и компартивен приод на заклучување. Исто така, користевме и индуктивен метод за да донесеме конкретни заклучоци.

Анлизата и резултатите од истражувањето ги приложивме преку наративен стил и преку дескриптивен опис на одделните сегменти во нашето истражување.

Она што се однесува на статистичката обработка на резултатите го вршевме преку пресметување на фреквенцијата и на процентите.

## 10. Организација и тек на истражувањето

Поради специфичноста на нашиот проблем на истражување, текот на истражувањето се одвиваше во **две фази**:

**I фаза** – Во оваа фаза за прв пат се сретнавме со родителите, започнавме со запознавање и со формирање пријатна атмосфера за работа, со воведни информации за концептот на позитивното родителство, со дискусии и со давање практични задачи, коишто нашите родители ги завршија во семејни услови (дома). Оваа прва наша средба со родителите не одзема повеќе од 1 час, но процесот на извршувањето на практичните задачи од страна родителите во домашни услови траеше 3 недели од месецот ноември.

**II фаза** – На оваа завршна средба ги спроведовме веќе подготвените чек-листи со соодветни компатибилни тврдења во согласност со тврдењата од анкетните листови од првата фаза, а тоа ни овозможи полесно споредување и согледување на добиените резултати. Родителите одговараа (ги означуваа) на одредените тврдења во поглед на тоа колку, како и дали го разбрале концептот на позитивното родителство и дали во иднина ќе им користи во семејното воспитувањето на децата.

Исто така, на инцијатива на истражувачот, но и на самите родители, во оваа фаза се остави простор за кратка дискусија и за размена на искуства и на мислења на родителите (тоа е дескриптивно опишано во продолжение на трудот). Оваа средба траеше 2 часа и се одвиваше во првата половина на декември.

# III дел

# Анализа и интерпретација на податоците од истражувањето

Во овој дел од нашиот магистерски труд ќе се обидеме на најсоодветен начин да ги претставиме добиените резултати од нашето спроведено истражување, а на тој начин да добиеме една јасна претстава за концептот на позитивното родителство, поточно колку родителите се запознаени со овој концепт и колку директно или индиректно го применуваат овој концепт, секако, во рамките на семејствата на територијата на Македонија, поточно на скопското подрачје.

Според многубројните автори, концептот на позитивното родителство е релативно нов концепт, но со многубројни позитивни ефекти. Статистичките податоци од примената на овој концепт низ многу земји во Европа, пред сè во Западна Европа, укажуваат на придобивките од сè поголемата примена на овој концепт, т.е. на неговата целосно обработена програма којашто наликува на еден вид интервентна програма.

Денешното современо семејство се развива и во многу земји во транзиција, меѓу кои и во нашата, во услови на нагли економски, политички, културни, па и вредносни промени. Оттука, значајно е да се види дека на родителите, повеќе од кога било, им е потребна поголема стручна помош во одгледувањето, воспитувањето и во подучувањето на сопствените деца.

Обработката на добиените податоци беше заснована на видот, целите и на задачите кои ги дефиниравме во истражувањето. Водени од овие параметри користевме квалитативно-квантитативна анализа.

При квантитативната обработка, во делот на статистичката анализа, податоците ги групиравме со помош на постапки за дескриптивна статистика и користевме табелирање и графичко прикажување и притоа одредивме фраквенција (f) и изразивме процентуални износи (%), т.е. пресметавме проценти.

Со цел да имаме полесна анализа и интерпретација на податоците, тие ќе бидат поделени во три дела.

Во првиот дел (3.1) ќе бидат анализирани податоците од анкетните листови спроведени кај родителите, во вториот дел (3.2) ќе се анализираат податоците од листите за проверка (чек-листите) на родителите, по веќе добиената претстава за позитивното родителство, додека, пак, во третиот дел

ќе ги согледаме податоците добиени од анкетните листови на воспитувачите од градинките и на едната група наставници од основно училиште.

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство во правата фаза од истражувањето (инцијално мерење)

Ќе започнеме со табеларно и со графичко претставување на добиените податоци од анкетните прашалници од првата фаза на нашето истражување, како и нивна интерпретација, со што ќе се потврдат или побијат поставените хипотези од медотолошката рамка.

Во истражувањето користевме анкетни листови со тврдења креирани од самиот истражувач конкретно за нашиот проблем на истражување. Содржани се 24 тврдења наменети за родители, кои преку „да“, „не“ и „делумно“, според сопствено мислење, одговараа на одредените тврдења.

Првата табела од нашиот труд се однесува на општите податоци на родителите коишто ги пополнуваа на почетокот од анкетниот прашалник. Подолу е приложен вкупниот збир на општи податоци на родителите (N=30) од трите образовни институции од коишто го зедовме нашиот примерок.

### Табела бр. 1 – структура на примерокот на анкетираните родители

| Категорија | Поткатегорија | „Срничка“ | | „Весели цветови“ | | „Дане Крапчев“ | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **Родители** | мајка | 8 | 80 | 7 | 70 | 9 | 90 | 24 | 80 |
| | татко | 2 | 20 | 3 | 30 | 1 | 10 | 6 | 20 |
| **Возраст** | 20–30 | 1 | 10 | 3 | 30 | 4 | 40 | 8 | 27 |
| | 30–40 | 7 | 70 | 6 | 60 | 5 | 50 | 18 | 60 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 40–50 | 2 | 20 | 1 | 10 | 1 | 10 | 4 | 13 |
| **Образование** | средно | 1 | 10 | 5 | 50 | 8 | 80 | 14 | 47 |
| | виша | 1 | 10 | / | / | / | / | 1 | 3 |
| | факултет | 8 | 80 | 5 | 50 | 2 | 20 | 15 | 50 |
| **Број деца** | едно | 2 | 20 | 1 | 10 | / | / | 3 | 10 |
| | две | 5 | 50 | 9 | 90 | 7 | 70 | 21 | 70 |
| | три | 3 | 30 | / | / | 3 | 30 | 6 | 20 |
| **Вработеност на родителите** | само мајката | 2 | 20 | 1 | 10 | / | / | 3 | 10 |
| | само таткото | 1 | 10 | 1 | 10 | 3 | 30 | 5 | 17 |
| | двајцата | 7 | 70 | 8 | 80 | 7 | 70 | 22 | 73 |

**Графикон бр. 1 – структура на примерокот на анкетираните родители**



Најпрво на родителите им ги понудивме тврдењата преку коишто можеме да добиеме резултати за тоа колку тие се запознаени со карактеристиките на концептот на позитивното родителство и колку го применуваат во секојдневниот семеен живот. Секако, пресметките на f и % се од вкупниот збир на испитаници од трите институции, со соодветно внесување на податоците во колоните на „да", „делумно" и на „не".

Тврдење бр. 1:

*- Информиран/а сум за правата на децата според Конвенцијата на ОН.*

**Табела бр. 2 – информираноста на родителите за детските права**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1 | Информиран/-а сум за правата на децата според Конвенцијата на ОН | 16 | 53,4 | 3 | 10 | 11 | 36,6 |

**Графикон бр. 2 – информираноста на родителите за детските права**




Со помош на ова тврдење на коешто се базира суштината на програмата на позитивното родителство сакавме да дознаме колку навистина нашите родители се запознаени со основните права на децата според

Конвенцијата на ОН.

Ова тврдење е во согласност со помошната *хипотеза бр. 1,* која гласи: ***Родителите делумно се запознаени со правата на децата според Конвенцијата на ОН.***

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека поголем процент, односно 53,3 % од испитаниците, одговориле потврдно, т.е. дека се информирани за правата на децата спред Конвенцијата на ОН, со тоа што горенаведената помошна хипотеза се отфрла.

Тврдење бр. 2:

*- Запознаен/а сум со основните психофизички развојни карактеристики на детето.*

**Табела бр. 3 – запознаеноста на родителите со психофизичките развојни карактеристики на децата**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 2 | Запознаен/а сум со основните психофизички развојни карактеристики на детето | 27 | 90 | 0 | 0 | 3 | 10 |

**Графикон бр. 3 – запознаеноста на родителите со психофизичките развојни карактеристики на децата**



Основните психофизички карактеристики во претшколската возраст претставуваат битен сегмент од целокупната организирана концепција на *Тројното П,* или позитивното родителство, и без нивно познавање еден родител не би можел вистински да ја оствари родителската грижа.

Врз основа на ова се поврзуваат и сите активности коишто Р. Македонија ги презема во последните неколку години за раниот детски развој и затоа се отворени и првите центри за ран детски развој. „Центрите за ран детски развој претставуваат алтернатива на градинки во локалните заедници каде што нема детски градинки, а тоа пред сè се селските и маргинализираните средини. Разликата меѓу градинките и центрите за ран детски развој е во тоа што центрите за ран детски развој не обезбедуваат услуги за целодневна грижа за детето (децата коишто ги посетуваат центрите не јадат и не спијат во центарот), туку децата коишто посетуваат центри за ран детски развој само учествуваат во организирана програма за рано учење (вообичаено по два часа во денот). Тие се соодветни и флексибилни во задоволувањето на потребите на децата за учење и за развој и се поевтини (пониски трошоци) за организирање отколку градинките. И центрите за ран детски развој работат по Програмата за рано учење и за развој, којашто е базирана на Стандардите за рано учење и за развој“.[29]

Според горeприложените податоци може да воочиме дека ова тврдење се поврзува со помошната *хипотеза бр. 2*: ***Родителите не се доволно информирани за значењето на раниот детски развој, како најзначаен развоен период*** и да заклучиме дека 90 % од родителите имаат познавања за раниот детски развој и дека приложената помошна хипотеза се отфрла.

Тврдења бр. 3 и бр. 4:

- *Сметам дека постои „универзален начин“ за воспитување на своето дете.*

[29]http://www.prvite5.mk/centri-za-ran-detski-razvoj.nspx

- *Применувам само еден начин, пристап за да се справам со проблемите меѓу мене и моето дете.*

**Табела бр. 4 – ставовите на родителите во однос на начините на воспитување на децата**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 3 | Сметам дека постои „универзален начин“ за воспитување на своето дете | 20 | 66,7 | 7 | 23,3 | 3 | 10 |
| 4 | Применувам само еден пристап за да се справам со проблемите меѓу мене и моето дете | 7 | 23,4 | 4 | 13,3 | 19 | 63,3 |

**Графикон бр. 4 – ставовите на родителите во однос на начините на воспитување на децата**




Најразлични мислења на родителите преточени во нивни ставови за тоа дали сметаат дека постои еден унифициран начин на воспитување на своите деца, а притоа тој да помогне во решавањето на проблемите што се појавуваат измеѓу родителот и детето, најмногу се истакнуваа во неформалната дебата, разговор во втората фаза од спроведувањето на нашето истражување, коешто подоцна ќе го опишеме.

Гореизнесените тврдења одговараат на помошната *хипотеза бр. 3 –* ***Родителите преферираат еден пристап на воспитување на сопствените деца за којшто сметаат дека е исправен и универзален.*** Резултатите добиени за третото тврдење кое гласи: *Сметам дека постои „универзален начин“ за воспитување на своето дете*, ја потврдуваат хипотезата, бидејќи повеќето од родителите, односно 66,6 %, се изјасниле дека има еден, „универзален начин“ за воспитување на децата. Додека, пак, четвртото тврдење: *Применувам само еден пристап за да се справам со проблемите меѓу мене и моето дете,* ја демантира хипотезата и тоа јасно може да се согледа од 63, 3 %.

Тврдење бр. 5:

- *Учествувам во работилници коишто ги организираат воспитувачите, како и во други обуки поврзани со поддршката на родителите во воспитувањето на децата во современото општество.*

## Табела бр. 5 – организирани обуки и работилници за родители

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 5 | Учествувам во работилници коишто ги организираат воспитувачите, како и во други обуки поврзани со поддршката на родителите во воспитувањето на децата во современото општество | 14 | 46,6 | 2 | 6,6 | 14 | 46,6 |

## Графикон бр. 5 – организирани обуки и работилници за родители




Ова тврдење го ставивме во анкетните листови затоа што е исклучително важно, особено поради тоа што јавните детски установи организираат различни видови работиилници за родителите.

Тоа е предвидено со целокупната програма за предучилишно воспитување и образование (програма за рано учење и за ран детски развој), односно со најновите реформи и начела пропишани од Министерството за труд и социјална политика во Службениот весник на РМ, бр. 46 од 6.3.2014 година. Соработката со родителите е еден од основните фактори за обезбедување правилен и оптимален развој на детето. Затоа, нивното целосно вклучување во воспитно-обарзовниот процес и земањето активно учество во родителските средби, консултативни разговори и во најразлични формални/неформални средби и др., е од особено значење.

Секако, тука мора да се земе предвид и желбата, вложувањето и непроценливото време на секој родител, како активен субјект за формирање на основниот педагошки триаголник со трите клучни елементи – родител, дете и наставник.

Па според тоа, од табелата бр. 5 може да видиме дека за ова тврдење родителите имаат идентичен процент, односно 46, 6 %, во одговорите со „да“ и во одговорите со „не“.

За ова тврдење се повикуваме на *хипотезата бр. 4* – ***Воспитувачите и наставниците често организираат работилници во коишто ги вклучуваат родителите,*** со тоа што оваа хипотеза ниту се потврува ниту се отфрла поради тоа што имаме ист број проценти и во колоната со „да“ и во колоната со „не“.

Тврдења бр. 6 и бр. 7:

- *Не сум запознаен/а со концептот на позитивното родителство.*
- *Можам да претпоставам што претставува позитивното родителство.*

Од овие тврдења статистичката обработка претставена на табеларен начин изгледа вака:

**Табела бр. 6 – запознаеноста на родителите со концептот на позитивното родителство**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 6 | Не сум запознаен/а со концептот на позитивното родителство | 9 | 30 | 10 | 33,4 | 11 | 36,6 |
| 7 | Можам да претпоставам што претставува позитивното родителство | 25 | 83,4 | 5 | 16,6 | 0 | 0 |

Додека, пак, графичкото претставување изгледа вака:

**Графикон бр. 6 – запознаеноста на родителите со концептот на позитивното родителство**




Овие две тврдења се поврзуваат со помошната *хипотеза бр. 5* која гласи – ***Родителите имаат потреба од дополнителна едукација за концептот на позитивното родителство,*** со тоа што може да се види дека од тврдењето бр. 6: *Не сум запознаен/а со концептот на позитивното родителство,* можеме да заклучиме дека родителите не се доволно запознаени со концептот на позитивното родителство, т.е. 36,6 % одговориле со „не“, што значи дека хипотезата се потврдува.

Додека, пак, за тврдењето бр. 7 – *Можам да претпоставам што претставува позитивното родителство,* заклучуваме дека висок процент од родителите, 83,3 %, одговориле потврдно, со тоа што горенаведената хипотеза се потврдува, односно мнозинството од испитаните родители можат да претпоставаат што претставува позитивното родителство.

Тврдења бр. 8, бр. 9 и бр. 10:

- *Му овозможувам слободно изразување на детето во рамките на семејството, со што ја почитувам детската индивидуалност.*
- *Ги препознавам неговите интереси и му угодувам.*
- *Премногу ги милувам и ги разгалувам своите деца/дете.*

**Табела бр. 7 – почитување на детската индивидуалност и интерес и милување**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 8 | Му овозможувам слободно изразување на детето во рамките на семејството, со што ја почитувам детската индивидуалност | 27 | 90 | 3 | 10 | 0 | 0 |
| 9 | Ги препознавам неговите интереси и му угодувам | 25 | 83,3 | 5 | 16,7 | 0 | 0 |
| 10 | Премногу ги милувам и ги разгалувам своите деца/дете | 8 | 26,8 | 14 | 46,6 | 8 | 26,6 |

**Графикон бр. 7 – почитување на детската индивидуалност и интерес и милување**



Поради сродноста на овие три тврдења ги групиравме во една табела, табела бр. 7, и се повикуваме на *хипотезата бр. 6* – ***Родителите ја ценат детската индивидуалност, спонтаност и интерес и премногу ги разгалуваат своите деца,*** со што тврдењето број 8 – *Му овозможувам слободно изразување на детето во рамките на семејството, со што ја почитувам детската индивидуалност,* го потврдува оној дел од хипотезата што се однесува за детската индивидуалност, односно дека родителите им дозволуваат на децата слободно да се изразуваат во рамките на семејствата. Тврдењето бр. 9 – *Ги препознавам неговите интереси и му угодувам*, со 83, 3 %, ја потврдува горенаведената хипотеза, додека, пак, 10-тото тврдење – *Премногу ги милувам и ги разгалувам своите деца/дете,* делумно ја отфрла хипотезата бр. 6, затоа што 46, 6 % одговориле дека делумно претеруваат во милувањето и со разгалувањето на своите деца.

Тврдења бр. 11, бр. 12, бр. 13, бр. 14 и бр. 15:

- *Знам да ги избалансирам своите потреби и потребите на детето.*
- *Децата/детето се отворени за соработка и за комуникација со мене.*
- *Наоѓам време за своите деца, без разлика на сè.*
- *Во нашето семејство постои позитивна клима.*
- *Слободното време го поминувам во најразлични интерактивни активности со детето и комуницирам на ниво достапно за неговата возраст.*

**Табела бр. 8 – ставовите на родителите во врска со потребите, соработката, комуникацијата, интеракцијата и со градењето позитивна клима во однос на децата**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 11 | Знам да ги избалансирам своите потреби и потребите на детето | 26 | 86,6 | 4 | 13,4 | 0 | 0 |
| 12 | Децата/детето се отворени за соработка и за комуникација со мене | 27 | 90 | 3 | 10 | 0 | 0 |
| 13 | Наоѓам време за своите деца, без разлика на сè | 24 | 80 | 6 | 20 | 0 | 0 |
| 14 | Во нашето семејство постои позитивна клима | 27 | 90 | 3 | 10 | 0 | 0 |
| 15 | Слободното време го поминувам во најразлични интерактивни активности со детето и комуницирам на ниво достапно за неговата возраст. | 24 | 80 | 6 | 20 | 0 | 0 |

**Графикон бр. 8 – ставовите на родителите во врска со потребите, соработката, комуникацијата, интеракција и со градењето позитивна клима во однос на децата**




Своите лични потреби и потребите на своето предучилишно дете навистина се големи во динамичниот општествен живот во којшто ги градиме нашите семејства.

Воспоставувањето соодветна комуникација достапна за неговата возраст, поврзување со сопствените деца преку најразлични интерактивни активности,

искористувајќи го и минималното слободно време, и градењето позитивна домашна клима се значајни аспекти коишто сакавме да ги истражиме за понатаму да дојдеме до конкретен заклучок.

Сите овие тврдења се поврзани со нашата претпоставка, т.е. со помошната *хипотеза бр. 7 –* ***Родителите пронаоѓаат време за себе и за потребите на своите деца преку комуникација, соработка, интерактивни активности и преку градење позитивна клима,*** со тоа што преку тврдењето бр. 11 – *Знам да ги избалансирам своите потреби и потребите на детето,* се потврдува хипотезата затоа што 86,6 % од родителите одговориле со „да", што значи дека можат да ги избалансираат своите потреби и потребите на сопствените деца. Исто така, со тврдењето бр. 12 – *Децата/детето се отворени за соработка и за комуникација со мене,* се потврдува хипотезата и тоа со 90 %.

Тврдењето бр. 13 – *Наоѓам време за своите деца, без разлика на сè,* се поврзува со помошната хипотеза и воедно ја потврдува со 80 %.

Исто така, тврдењето бр. 14 – *Во нашето семејство постои позитивна клима,* ја потврдува хипотезата, со тоа што 90 % од родителите се изјасниле дека во нивниот дом постои позитивна клима.

Горенаведената хипотеза ја потврдува и последно тврдење групирано во оваа табела, тврдењето бр. 15 – *Слободното време го поминувам во најразлични интерактивни активности со детето и комуницирам на ниво достапно за неговата возраст.*

Од табеларното претставување на тврдењата од анкетниот лист и на ставовите на родителите, во поглед на потребите, соработката, комуникацијата, интеракција и на градењето позитивна клима во односот со децата, може да се увиди дека во колоната за одговорот „не" воопшто нема никаква фреквенција или процент, додека, пак, во колоната за „делумно" има одредена фреквенција, но, сепак, пресметките на процентите се мали во споредба со потврдните одговори.

Добиените резултати се претставни и со графиконот бр. 8, графички обработени, за полесно разбирање.

**Табела бр. 9 – негативни ставови на родителите во воспитување на децата**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 16 | Често сум нервозен и не знам како да постапам во справувањето со проблемите произлезени меѓу мене и моите деца | 2 | 6,7 | 4 | 13,3 | 24 | 80 |
| 17 | Чувствувам притисок дека погрешно постапувам во воспитувањето на своите деца | 2 | 6,7 | 3 | 10 | 25 | 83,3 |
| 18 | Не сум сигурен/-на во начините коишто ги применувам за воспитување на децата | 3 | 10 | 5 | 16,7 | 22 | 73,3 |

Со помош на овие три тврдења сакаме да дознаеме колку навистина нашите родители имаат проблеми при воспитувањето на сопствените деца. Во неформалните разговори, најмногу во втората фаза од нашето истражување, родителите слободно разговараа на овие теми, пред сѐ дека знаат и умеат да ја избалансираат својата нервоза од проблемите кои се појавуваат во рамките на семејството, но многу често кажуваа дека чувствуваат притисок или поточно дека понекогаш не се сигурни дали се исправни во постапките што ги применуваат кон своите деца.

Преку анализата на овие податоци увидовме дека мнозинството од родителите одговориле негативно, а со тоа се докажува спротивното, односно дека нервозата, притисокот и начините на воспитување на сопствените деца не им причинуваат проблем, т.е. родителите знаат и умеат да се справат со нив.

Овие три тврдења се во согласност со помошната *хипотеза бр. 8* – ***Родителите чувствуваат нервоза, притисок и несигурност во воспитувањето на своите деца.*** Вака поставената хипотеза се отфрла, т.е. преку тврдењето бр. 16 – *Често сум нервозен и не знам како да постапам во справувањето со проблемите произлезени меѓу мене и моите деца,* таа се отвфрла со сигурни 80 %. Исто така, преку тврдењето бр. 17 – *Чувствувам притисок дека погрешно постапувам во воспитувањето на своите деца,*

родителите ја негира горенаведената хипотеза со 83, 3 %, а, воедно, и преку тврдењето бр. 18 – *Не сум сигурен/-на во начините коишто ги применувам за воспитување на децата,* согледуваме дека хипотезата не се прифаќа.

## Графикон бр. 9 – негативни ставови на родителите во воспитување на децата




Веднаш по прикажувањето на податоците добиени од истакнувањето на негативните постапки на родителите во современото семејно воспитување, селдуваат позитивните ставови во поглед на родителството:

## Табела бр. 10 – позитивни ставови на родителите во поглед на родителството

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 19 | Едноставно е да си родител | 9 | 30 | 5 | 16,6 | 16 | 53,4 |
| 20 | Сметам дека сум добар родител | 26 | 86,6 | 4 | 13,4 | 0 | 0 |

## Графикон бр. 10 – позитивни ставови на родителите во поглед на родителството




Тврдењата бр. 19 и бр. 20 – *Едноставно е да си родител* и *Сметам дека сум добар родител,* одговараат со помошната *хипотеза бр. 9* – ***Родителите сметаат дека се добри родители, но не дека е едноставно да бидеш добар родител,*** при што преку табеларното прикажување се согледува дека оваа хипотеза се потврдува.

**Табела бр. 11 – родителите се отворени за нови начини на семејно воспитување**

| Реден број | Родители | Да | | Делумно | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 21 | Ги следиме најсовремените текови за воспитувањето на децата | 12 | 40 | 16 | 53,3 | 2 | 6,7 |
| 22 | Со задоволство прифаќам предлози за нови начини на семејно воспитување | 23 | 76,7 | 7 | 23,3 | 0 | 0 |

**Графикон бр. 11 – родителите се отворени за нови начини на семејно воспитување**




Овие тврдења ги поставивме на крајот од нашиот прашалник со цел да дознаеме дали нашите родители се запознаени со современите начини на семејно воспитување и дали сакаат да научат нови работи во врска со тоа. Преку овие две последни тврдења се открија и процентуално се прикажаа одговорите на родителите.

Овие две тврдења меѓусебно се надополнуваат и се поврзуваат со *хипотезата бр. 10 –* ***Родителите се во тек со современите начини на семејно воспитување и се отворени за проширување на своите знаења и способности***, со тоа што оваа хипотеза се потврдува со 76, 7 % преку тврдењето бр. 22 – *Со задоволство прифаќам предлози за нови начини на*

*семејно воспитување*, но преку тврдењето бр. 21 – *Ги следиме најсовремените текови за воспитувањето на децата*, се согледува дека хипотезата се потврдува делумно, односно со 53, 3 %.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство во втората фаза од истражувањето (финално мерење)

Во втората фаза, како што веќе кажавме, добиени се резултати од спроведените листи за проверка (чек-листи) на истите родители, со коишто ја обновивме средбата по три недели. За тој период од три недели родителите имаа зададено и неколку кратки задачи коишто требаше да ги решат во семејните домови.

Според одредените тврдења во листите за проверка (чек-листите) нашите родители се изјаснуваа колку ја сфатиле суштината на програмата за позитивното родителство, колку и дали истражувале нешто дополнително за овој познат концепт, дали на каков било начин им помогнал во подобробрување на своите воспитини навики наменети за сопствените деца и дали успеале да пронајдат решение за одреден проблем којшто се провлекувал подолг временски период во рамките на семејството со помош на сознанијата и на насоките од првичната фаза, т.е. од инцијалното мерење.

Во прилог следува табеларното и графичкото прикажување на добиените резултати од спроведените листи за проверка (чек-листи) од веќе споменатите три образовно-воспитни установи:

- ЈУГД „Сргичка" – клон Изворче
- ЈУГД „Весели цветови" – клон Сончоглед
- ОУ „Дане Крапчев" – општина Ченто

**Табела бр. 12 – резултати од стекнатите сознанија на родителите за концептот на позитивното родителство и за неговата примена – вкупен збир**

| **Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство** | | не | | да | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| 1. | Дали ја разбравте суштината на концептот на позитивното родителство? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 2. | Дали применивте некои од стратегиите, техниките, нивоата и аспектите од концептот? | 8 | 26,7 | 22 | 73,3 |
| 3. | Дали го променивте односот кон сопственото дете? | 13 | 43,4 | 17 | 56,6 |
| 4. | Дали размисливте на други можни решенија при воспитувањето на своите деца? | 8 | 26,7 | 22 | 73,3 |
| 5. | Дали поинаку ги решавате проблемите коишто се појавуваат на релација родител – дете? | 11 | 36,6 | 19 | 63,4 |
| 6. | Дали му нудите топлина, љубов и нежност? | 5 | 16,6 | 25 | 83,4 |
| 7. | Дали сте посигурни во сопственото родителство? | 9 | 30 | 21 | 70 |
| 8. | Дали се чувствувате покомпетентен родител од претходно? | 13 | 43,3 | 17 | 56,7 |
| 9. | Дали сте помалку нервози, а повеќе трпеливи кон своите деца? | 9 | 30 | 21 | 70 |
| 10. | Дали имате доволно време за себе? | 24 | 80 | 6 | 20 |
| 11. | Дали имате енергија за сите обврски коишто се очекуваат од вас? | 17 | 56,6 | 13 | 43,4 |
| 12. | Дали сте среќна/среќен во улогата на родител? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 13. | Дали настојувате повеќе да се смеете и да создавате позитивна клима во вашите домови? | 4 | 13,3 | 26 | 86,7 |
| 14. | Дали ви треба поголема стручна помош за градењето добри семјни односи? | 19 | 63,3 | 11 | 36,7 |
| 15. | Дали ќе настојувате да бидете во тек со најсовремните движења во областа на семејното воспитување? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 16. | Дали ви се отворија нови гледишта и алтернативи за семејното воспитување? | 6 | 20 | 24 | 80 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Дали истражувате за доплнителни информации од оваа област? | 12 | 40 | 18 | 60 |
| 18. | Дали понатаму во животот ќе ви служат информациите за концептот на позитивното родителство? | 2 | 6,7 | 28 | 93,3 |
| 19. | Дали би сакале понатамошна соработка и доработка на овој вид концепт? | 4 | 13,3 | 26 | 86,7 |

Ова табеларно приложување на добиените резултати е претставување на вкупниот збир на тврдења (19) од веќе пополнетите листи за проверка (чек-листи) од страна на родителите. За појасна слика и интерпретација на добиените резултати ќе послужи графиконот број 12.

**Графикон бр. 12 – резултати од стекнатите сознанија на родителите за концептот на позитивното родителство и за неговата примена – вкупен збир**


100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
не
да
ја разбравте суштината на концептот на позитивно родителство?
некои од стратегиите, техниките, нивоата, аспектите од концептот?
Дали го променивте односот кон сопственото дете?
Дали размисливте на други можни решенија во воспитувањето на своите деца?
Дали поинаку ги решавате проблемите кои се појавуваат на релација родител-дете?
Дали му нудите топлина, љубов, нежност?
Дали сте посигурни во сопственото родителство?
Дали се чувствувате покомпетентен родител од предходно?
Дали сте помалку нервози, а повеќе трпеливи со своите деца?
Дали имате доволно време за себе?
Дали имате енергија за сите обврски кои се очекуваат од вас?
Дали сте среќна/среќен во улогата на родител?
Дали повеќе настојувате да се смеете и да создавате позитивна клима во вашите домови?
Дали ви треба повеќе стручна помош за градењето на добри семјни односи?
Дали ќе настојувате да бидете во тек со најсовремните движења во областа семјното воспитание?
Дали ви се отворија нови гледишта и алтернативи за семејното воспитување?
Дали истражувате за доплнителни информации од оваа област?
Дали понатаму во животот ќе ви служат информациите за концептот на позитивно родителство?
Дали би сакале понатамошна соработка и доработка на овој вид концепт?

За уште попрецизна анализа и интерпретација на добиенте резултати во оваа втора фаза се одлучивме за поделба на тврдењата под одредени категории и, секако, се повикавме на помошните хипотези за да се увиди колку тие се потврдуваат или се отфрлаат.

## Табела бр. 13 – сознанијата на родителите за разбирањето на концептот на позитивното родителство

| **Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство** | | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| 1. | Дали ја разбравте суштината на концептот на позитивното родителство? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 2. | Дали применивте некои од стратегиите, техниките, нивоата и аспектите од концептот? | 8 | 26,7 | 22 | 73,3 |
| 3. | Дали го променивте односот кон сопственото дете? | 13 | 43,4 | 17 | 56,6 |
| 4. | Дали размисливте на други можни решенија при воспитувањето на своите деца? | 8 | 26,7 | 22 | 73,3 |
| 5. | Дали поинаку ги решавате проблемите коишто се појавуваат на релација родител – дете? | 11 | 36,6 | 19 | 63,4 |

Според горенаведените тврдења од листата за проверка (чек-листата) коишто ги групиравме под еден наслов – *Сознанија на родителите за разбирањето на концептот на позитивното родителство*, дознавме колку родителите дознале и научиле од првата наша средба за тоа што претставува програмата на позитивното родителство, т.е. целокупниот концепт на позитивното родителство.

Со овие тврдења се повикуваме на помошната *хипотеза бр.* 11 – ***Родителите ја разбираат суштината на концептот и се трудат да го применуваат во решавањето на секојдневните семејни проблеми,*** којашто се потврдува преку следните тврдења:

1. Дали ја разбравте суштината на концептот на позитивното родителство?

2. Дали применивте некои од стратегиите, техниките, нивоата и аспектите од концептот?
3. Дали го променивте односот кон сопственото дете?
4. Дали размисливте на други можни решенија при воспитувањето на своите деца?
5. Дали поинаку ги решавате проблемите коишто се појавуваат на релација родител – дете?

Првото тврдење ја потврдува горенаведената хипотеза со 80 % и, на наше огромно задоволство, покажува дека родителите ја разбрале суштината на концептот. Преку второто тврдење – *Дали применивте некои од стратегиите, техниките, нивоата и аспектите од концептот,* сакавме уште еднаш да провериме дали навистина се разбрала суштината и тоа ни се потврдува со 73, 3 %, така што можеме да бидеме сигурни дека родителите добро ја запознале суштината на овој концепт.

Третото тврдење, иако со помал процент, ја потврдува помошната хипотеза со 56, 6 %. Родителите се обидуваа преку усно излагање да ни кажат дека промената на својот однос кон децата не може брзо и едноставно да се случи. Тие, исто така, се изјаснија дека временскиот период од 3 недели е прекраток за да увидат дали нивниот однос се сменил и како притоа децата реагираат на различниот однос од претходно. Понатаму, родителите дебатираа меѓусебно и кажуваа најразлични проблеми од практиката за тоа колку е тешко да се справат со проблемите коишто секојденвно се појавуваат во рамките на семејството. Разговаравме и за тоа дека секојдневно се провлекуваат одредени проблеми, но поради дефицит на време, енергија и трпение, тешко се решаваат. Токму од наша страна беше зададена задача да се посочи внимание на таквите проблеми, а дел од родителите со голем ентузијазам работеле на проблемите, како на пример, одбивање храна, плачење (вриштење) доколку не се оствари детската желба и ред други проблеми, но, на жалост, поголемиот број родители од трите институции се изјаснија дека не ги решиле проблемите и дека им е потребна помош или друго решение. Со самото тоа, всушност, се укажува на фактот дека концептот на позитивното родителство е добредојден како нов начин на семејно воспитување на децата.

Што се однесува до четвртото тврдење – *Дали размисливте на други можни решенија и начини при воспитувањето на своите деца,* се согледува дека помошната хипотеза се потврдува и дека родителите размислуваат за други можни начини и решенија при воспитувањето на децата. Но, сепак, преку неформална дискусија додека ги решаваа листите за проверка (чек-листите) споменаа дека многу е тешко да се пронајде време и да се размислува што е добро, а што погрешно.

Трудот секогаш се исплати, но, сепак, поголемиот дел од родителите се изјаснија дека одреден период вложуваат максимум во родителството, но набрзо сето тоа исчезнува поради многубројни различни причини.

Сите овие тврдења се поврзуваат и со петтото тврдење – *Дали поинаку ги решавате проблемите коишто се појавуваат на релација родител – дете,* преку коешто имаме намера да увидиме дали нешто се променило, а со тоа да заклучиме дали нешто се применило од концептот на позитивното родителство и колку е успешна нашата прва фаза од истражувањето. И преку ова тврдење се потврдува хипотезата со 63,4 % и, на наше огромно задоволство, се покажува дека родителите се потрудиле на поинаков начин да ги решат проблемите на релација родител – дете и да изнајдат соодветен начин на семејно воспитување.

## Табела бр. 14 – успешноста на родителството

| **Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство** | | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| 6. | Дали му нудите топлина, љубов и нежност на детето? | 5 | 16,6 | 25 | 83,4 |
| 7. | Дали сте посигурни во сопственото родителство? | 9 | 30 | 21 | 70 |
| 8. | Дали се чувствувате покомпетентен родител од претходно? | 13 | 43,3 | 17 | 56,7 |
| 9. | Дали сте помалку нервози, а повеќе трпеливи со своите деца? | 9 | 30 | 21 | 70 |

Овие тврдења се меѓусебно поврзани и едно без друго не можат целосно да се поврзат со помошната *хипотеза бр. 12* – ***Родителите се чувствуваат посигурни во сопственото родителство, се со поголема трпеливост, нежност и љубов, а со помала нервоза и несигурност,*** и, според пресметаните проценти, повеќето родители во листите за проверка (чек-листите) одговориле потврдно, односно на тврдењето со реден бр. 6 – *Дали му нудите топлина, љубов и нежност на детето,* со 83, 4 % ја потврдиле хипотезата, исто така и со тврдењето бр. 7 – *Дали сте посигурни во сопственото родителство,* потврдно одговориле 70 % и ја потврдиле хипотезата.

Особено значајно е тоа што 70 % одговориле потврдно на ова тврдење, а тоа ни го покажува фактот дека родителите со само една заедничка средба и преку кратко запознавање на клучните елементи на концептот на позитивното родителство почувствувале поголема сигурност во совоето родителство, односно нивните кажувања се однесуваат на тоа дека имаат потреба од советување, различни стручни мислења и од нудење нови погледи, начини и сфаќања за совремното родителство (за позитивното родителство).

На ова се надоврзува и тврдењето бр. 8 – *Дали се чувствувате покомпетентен родител од претходно,* и ја потврдува хипотезата, секако, земјаќи го предвид фактот дека поголемата компетнтност со себе носи и поголема сигурност во сопственото родителство.

Тврдењето бр. 9 – *Дали сте помалку нервози, а повеќе трпеливи со своите деца,* од листата за проверка (чек-листата) ја потврдува хипотезата со 70 %, што е голем процент, а заклучокот е позитивен и навистина е добро што родителите се стремат кон поголема трпеливост кон своите деца.

## Табела бр. 15 – родителска енергија и време

| **Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство** | | x | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| 10. | Дали имате доволно време за себе? | 24 | 80 | 6 | 20 |
| 11. | Дали имате енергија за сите обврски коишто се очекуваат од вас? | 17 | 56,6 | 13 | 43,4 |

Преку овие тврдења се повикуваме на помошната *хипотеза бр. 13 –* ***Родителите немаат време и енргија за себе***, со тоа што со тврдењето бр. 10 – *Дали имате доволно време за себе,* се отфрла хипотезата, односно родителите со 80 % се изјаснуваат дека немаат доволно време за себе.

Исто така, и со тврдењето бр. 11 – *Дали имате енергија за сите обврски коишто се очекуваат од вас,* се отфрла горенаведената помошна хипотеза, токму поради тоа што родителите лесно ја исцрпуваат енергијата со преголемите обврски коишто ги носи современиот начин на живот.

## Табела бр. 16 – позитивни родители

| **Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство** | | x | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| 12. | Дали сте среќна/среќен во улогата на родител? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 13. | Дали настојувате повеќе да се смеете и да создавате позитивна клима во вашите домови? | 4 | 13,3 | 26 | 86,7 |

Самиот термин на оваа концепција се поврзува со овие две тврдења. За време на спороведувањето на истражувањето во првата фаза кога родителите беа запрашани дали знаат што е позитивно родителство, голем број од нив одговараа „па, не“, но, сепак, по одредено време нивните мисли насочуваа дека нешто им е познато и по поставување на прашањето дали можат да претпостават што би претсатвувало тоа, добивавме потврден одговор.

Секако дека првата фаза е поврзана со втората, па овие две тврдења целно се внесени во листата за проверка (чек-листата). Така можеме да согледаме дали нашите родители обрнале внимание на овие две тврдења, без оглед на брзото темпо на живот, при што заборавaме да создаваме позитивна клима во рамките на семејството, како на пример почесто да се смееме, а воедно да станеме свесни за тоа дали сме или не сме среќни во улогата на родител.

Тука се повикуваме на *хипотезата бр. 14 –* ***Родителите се среќни во улогата на родител и се трудат да создадат позитивна клима во својот дом***, со тоа што и преку тврдењето бр. 12 – *Дали сте среќна/среќен во улогата на родител,* и преку тврдењето бр. 13 – *Дали повеќе настојувате да се смеете и да создавате позитивна клима во вашите домови,* таа се потврдува.

Родителите беа искрени во своите искажувања и потврдија дека барем малку сме влијаеле на нивната свест и се потрудиле да бидат попозитивни, почесто да се смеат и на тој начин да бидам среќни во својата улога на родител.

## Табела бр. 17 – ставовите на родителите за индите перспективи при домашното семејно воспитување

| Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство | | x | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| 14. | Дали ви треба поголема стручна помош за градење добри семејни односи? | 11 | 36,7 | 19 | 63,3 |
| 15. | Дали ќе настојувате да бидете во тек со најсовремните движења од областа на семејното воспитување? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 16. | Дали ви се отворија нови гледишта и алтернативи за семејното воспитување? | 6 | 20 | 24 | 80 |
| 17. | Дали истражувате за доплнителни информации од оваа област? | 12 | 40 | 18 | 60 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Дали понатаму во животот ќе ви служат информациите за концептот на позитивното родителство? | 2 | 6,7 | 28 | 93,3 |
| 19. | Дали би сакале понатамошна соработка и доработка на овој вид концепт? | 4 | 13,3 | 26 | 86,7 |

Овие неколку последни сродно формулирани тврдења намерно се поставени на крајот од нашата листа за проверка (чек-листа), сѐ со цел да увидиме колку нашите родители во иднина ќе водат грижа за сопственото надоградување во поглед на семејното воспитување на сопствените деца.

Исто така, овие тврдења се доста значајни и се поврзуваат со вториот дел од нашата главна хипотеза, односно со можноста и со амбициите на самите родители, како и со новите гледишта и начини за примена на концептот на позитивното родителство во современото семејно воспитување.

Колку овие тврдења ја потврдуваат или ја отфрлаат помошната *хипотеза бр. 15 –* ***Концептот на позитивното родитеслтво нуди нови гледишта, алтернативи, знаења и информации за новите начини на современото семејно воспитување,*** ќе видиме преку добиените резултати од тврдењата.

Со тврдењето бр. 14 – *Дали ви треба поголема стручна помош за градење добри семјни односи,* 63, 3 % од родителите одговориле потврдно, односно нивните одговори нѐ упатуваат на фактот дека на родителите им е потребна поголема стручна помош во градењето на добрите семејни односи, а тоа ни покажува многу за нашето истражување. Всушност, целта на концептот на позитивното родителство, заедно со програмата *Тројно П* и со сето она што таа со себе го носи, е да укаже на тоа дека родителите се исклучителен фактор во воспитувањето на децата и дека појавените проблемите од најразлични домени (посериозни или помалку сериозни проблеми) између родителите и децата се навистина битни и дека многу пати на родителите им е потребна помош за нивно решавање.

Во нашето истражување во скопското подрачје се покажа дека на испитаниците им е потребна помош од најразлични стручно оспособени лица врз основа на видот на проблемот (педагози, доктори, психолози...).

Според приложените податоци, т.е. според добиениот процент, се потврдува помошната хипотеза.

Со тврдењето бр. 15 – *Дали ќе настојувате да бидете во тек со најсовремните движења од областа на семјното воспитување,* се потврдува хипотезата затоа што 80 % од родителите преку ова тврдење покажуваа дека имаат нови гледишта, алтеранитиви и знаења, а со тоа дека ќе настојуваат да бидат во тек со најсовремените движења за семејното воспитување и да изнаоѓаат соодветен начин за современо семејно воспитување.

Исто така и тврдењето бр. 16 – *Дали ви се отворија нови гледишта и алтернативи за семејното воспитување*, ја потврдува хипотезата со ист број проценти, како и следното тврдење бр. 17 – *Дали истражувате за доплнителни информации од оваа област,* но со 60 %. На ова можеме да се надоврзаме со најразличните искази на родителите за тоа дека навистина немале доволно време, но, сепак, накратко погледнале во дадените материјали и на Интернет, но во иднина повеќе би се едуцирале. Според ова, постигната е нашата првична цел и во двете фази од истражувањето.

Со тврдењето бр. 18 – *Дали понатаму во животот ќе ви служат информациите за концептот на позитивно родителство,* со сигурни 93,3 % се потврдува помошната хипотеза, а на тврдењето бр. 19 – *Дали би сакале понатамошна соработка и доработка на овој вид концепт,* на наше огромно задоволство, испитаниците одговориле потврдно со 86,7 % и со тоа се потврдува хипотезата.

Со овие последни тврдења завршува листата за проверка (чек-листата) и речиси се оформува сликата за тоа колку нашите испитаници се запознале со концептот на позитивното родителство во современото семјно воспитување и колку го примениле.

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство од страна на воспитувачите и на наставниците (од прво одделение)

Во рамките на нашето истражување влегоа и воспитувачи од две избрани јавни градинки и наставници од едно основно училиште. Тоа беше направено сè со цел да добиеме одредени резултати колку стручниот персонал од овие образовно-воспитни институции е запознаен со овој концепт и дали и колку го применува, но, исто така, и колку се труди да го доближи до родителите како наша основна целна група.

Стручниот персонал во анкетните листови одговарше преку понудените тврдења и во зависност од степенот на согласувањето се одговараше со „потполно да", „делумно да" и „воопшто не".

Од исклучителна важност ни беа и овие спроведени анкетни листови, па затоа во прилог следуваат обработените резултати и нивната анализа и интерпретација преку табеларна и преку графичка обработка.

Во рамките на овој дел од нашето истражување беа вклучени 20 воспитувачи од двете градинки и 10 наставници од прво одделени од основното училиште „Дане Крапчев".

Во продолжение следува нашата обработка, анализа и интерпретација на добиените податоци, табеларно и графички прикажани, со пресметување фреквенција и процент.

Тврдење бр. 1:

- *Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи.*

**Табела бр. 18 – следење на промените во воспитно-образовниот процес од страна на воспитувачите и на наставниците**

| Воспитувачи и наставници | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1. | Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи | 20 | 66,7 | 10 | 33,3 | 0 | 0 |

**Графикон бр. 13 – следење на промените во воспитно-образовниот процес од страна на воспитувачите и на наставниците**




Ова тврдење е од круцијално значење и е поставено како прво во анкентните листови за воспитувачи и за наставници. Всушност, значењето на ова тврдење се гледа во тоа што нѐ упатува кон согледување на тоа колку нашиот стручен кадар во воспитно-образовните установи се надоградува, односно колку ги следи најновите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес.

Ова наше тврдење се поврзува со *хипотезата бр. 16 –* ***Воспитувачите и наставниците се во тек со сите воспитно-***

***образовни промени во Р. Македонија,*** и ја потврдува со 66, 7 % со „потполно да“.

Тврдења бр. 2 и бр. 3:

- *Сметам дека родителите треба да бидат активни субјекти во воспитно-образовниот процес на сопствените деца.*
- *Често ги вклучуваме родителите во работилници и отворени сме за соработка со нив.*

## Табела бр. 19 – вклучувањето на родителите во воспитно-образовниот процес од страна на персоналот

| Воспитувачи и наставници | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 2. | Сметам дека родителите треба да бидат активни субјекти во воспитно-образовниот процес на сопствените деца | 26 | 86,7 | 4 | 13,3 | 0 | 0 |
| 3. | Често ги вклучуваме родителите во работилници и отворени сме за соработка со нив | 18 | 60 | 10 | 33,3 | 2 | 6,67 |

## Графикон бр. 14 – вклучувањето на родителите во воспитно-образовниот процес од страна на персоналот




Преку графиконот број 14 јасно можеме да ја забележиме процентуалната разлика и потврдувањето на горенаведената хипотеза.

Преку овие тврдења се повикуваме на помошната *хипотеза бр. 17 – **Родителите се активни субјекти во воспитно-образовниот процес, најчесто преку работилници,*** и персоналот од градинките и од основното училиште, преу овие две тврдења, ја потврдува хипотезата. На тврдењето бр. 2 – *Сметам дека родителите треба да бидат активни субјекти во воспитно-образовниот процес на сопствените деца,* 86,7 % се изјасниле дека навистина сметаат дека родителите се клучна алка во целокупниот воспитно-образовен процес и дека тие како активни субјекти многу би придонеле за сопствените деца, а воедно и подобро би се граделе како родители. Најчестиот начин за вклучување на родителите е преку организирани работилници од страна на вработениот стручен кадар, со тоа што воспитувачите на тврдењето бр. 3 – *Често ги вклучуваме родителите во работилници и отворени сме за соработка со нив,* одговориле потврдно со 60 %, што значи дека помошната хипотеза се потврдува.

Тврдења бр. 4 и бр. 5:

- *Запознаен/-а сум со концептот на позитивното родителство.*
- *Сум учествувал/-а на семинари/обуки за концептот на позитивното родителство.*

**Табела бр. 20 – запознаеноста на наставниот кадар со концептот на позитивното родителство**

| **Воспитувачи и наставници** | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 4. | Запознаен/-а сум со концептот на позитивното родителство | 14 | 46,6 | 13 | 43,4 | 3 | 10 |
| 5. | Сум учествувал/-а на семинари/обуки за концептот на позитивното родителство | 7 | 23,3 | 7 | 23,3 | 16 | 53,4 |

**Графикон бр. 15 – запознаеноста на наставниот кадар со концептот на позитивното родителство**



Со овие две тврдења навлегуваме во нашата примарна цел – да се испита информираноста, но овој пат на наставниот кадар, за концептот на позитивното родителство и колку тие како стручни лица успеваат да го применат.

Нашата помошна *хипотеза бр. 18* – ***Наставниот кадар може да претпостави што е позитивното родителство, но не бил дел од обуки за овој концепт,*** се изразува преку тврдењето бр. 4 – *Запознаен/-а сум со концептот на позитивното родителство,* и 46,6 % од воспитувачите и од наставниците се изјасниле дека се запознаени („потполно да“), односно нивното познавање се поврзуваше со претпоставките за тоа што би претставувал концептот на позитивното родителство, со што оваа хипотеза се потврдува. Сето ова се поврзува и со тврдењето бр. 5 – *Сум учествувал/-а на семинари/обуки за концептот на позитивното родителство,* и јасно се истакнува дека 53, 4 % од наставниот кадар не учествувал во какви било неформални едукации за концептот на позитивното родителство, при што се потврдува и вториот дел од хипотезата, дека тие навистина не биле дел од обуки за овој концепт.

Најчестите изјави на стручниот кадар во неформалните дискусии (додека ги пополнуваа анкетните листови), но имајќи ги предвид помладите наставници и воспитувачи, беа дека тие со помош на Интернет се запознаваат со многубројните новитети во поглед на семејното воспитување, како и со сите останати воспитно-образовни промени.

Тврдења бр. 6, бр. 7, бр. 8, бр. 9, бр. 10, бр. 11 и бр. 12:

- *Ги мотивираме родителите за постојано вложување во самоизградувањето како родител.*
- *Секогаш сме тука за информирање на родителите за најновите современи текови на семејното воспитување.*
- *Им помагаме на родителите да станат посигурни родители и да ја почитуваат детската личност.*
- *Ги советуваме родителите за добро организирање на времето при извршувањето на секојдневните обврски.*

- *Се обидуваме да ги охрабриме родителите дека не грешат во своето семејно воспитување.*
- *Настојуваме да ги подучиме родителите дека нема еден универзален начин за воспитување на сопствените деца.*
- *Ги разбираме и ги поддржуваме родителите за нивниот приватен живот.*

**Табела бр. 21 – вложувањата (активностите) на наставниците и на воспитувачите во однос на родителите**

| **Воспитувачи и наставници** | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 6. | Ги мотивираме родителите за постојано вложување во самоизградувањето како родител | 19 | 63,3 | 10 | 33,4 | 1 | 3,33 |
| 7. | Секогаш сме тука за информирање на родителите за најновите современи текови на семејното воспитување | 17 | 56,7 | 12 | 40 | 1 | 3,33 |
| 8. | Им помагаме на родителите да станат посигурни родители и да ја почитуваат детската личност | 21 | 70 | 9 | 30 | 0 | 0 |
| 9. | Ги советуваме родителите за добро организирање на времето при извршувањето на секојдневните обврски | 20 | 66,6 | 10 | 33,3 | 0 | 0 |
| 10. | Се обидуваме да ги охрабриме родителите дека не грешат во своето семејно воспитување | 16 | 53,3 | 14 | 46,7 | 0 | 0 |
| 11. | Настојуваме да ги подучиме родителите дека нема еден универзален начин за воспитување на сопствените деца | 21 | 70 | 9 | 30 | 0 | 0 |
| 12. | Ги разбираме и ги поддржуваме родителите за нивниот приватен живот | 20 | 66,7 | 8 | 26,6 | 2 | 6,67 |

**Графикон бр. 16 – вложувањата (активностите) на наставниците и на воспитувачите во однос на родителите**



Табеларното и графичкото прикажување на добиените податоци ги отсликуваат преземените активности од страна на наставниците, во вид на мотивирање, информирање, помагање, советување, охрабрување, подучување и разбирање на родителите. Преку овие тврдења се повикуваме на помошната *хипотеза бр. 19 –* ***Воспитувачите и наставниците организираат работилници и им помагаат на родителите за подобро родителство,*** со тоа што преку тврдењето бр. 6 – *Ги мотивираме родителите за постојано вложување во самоизградувањето како родител,* хипотезата се потврдува со 63,3 % од одговорите со „потполно да". Со тврдењето бр. 7 – *Секогаш сме тука за информирање на родителите за најновите современи текови на семејното воспитување,* со 56, 7 % потврдни одговори од страна на наставниот кадар, исто така, се потврдува хипотезата, односно наставниците и воспитувачите преку информирање на родителите за најсовремените начини на семејното воспитување им помагаат на младите родители да станат посигурни родители.

Тврдењето бр. 8 – *Им помагаме на родителите да станат посигурни родители и да ја почитуваат детската личност,* со сигурни 70 % ја потврдува хипотезата, слично како и тврдењето бр. 9 – *Ги советуваме родителите за добро организирање на времето при извршувањето на секојдневните обврски,* коешто ја потврдува хипотезата со 66,6 %, а на тој начин откриваме дека нашиот кадар навистина вложува во соработката, влијае и дава можност за подучување на родителите за усовршување на сопственото родителство.

Тврдењето бр. 10 – *Се обидуваме да ги охрабриме родителите дека не грешат во своето семејно воспитување,* и тврдењето бр. 11 – *Настојуваме да ги подучиме родителите дека нема еден универзален начин за воспитување на сопствените деца,* исто така, со 53, 3 % за првото и со 70 % за второто тврдење, ја потврдуваат хипотезата.

Потврување на хипотезата имаме и со последното тврдење бр. 12 – *Ги разбираме и ги поддржуваме родителите за нивниот приватен живот.* Оттука можеме да констатираме дека сите овие тврдења, кои директно се упатени за родителите од страна на наставниците и на воспитувачите, преку

морална поддршка, па сè до практични решенија и совети, ја потврдуваат помошната хипотезата.

**Табела бр. 22 – стручноста на воспитно-образовниот кадар и променетите ставови на родителите при семејното воспитување**

| Воспитувачи и наставници | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 13. | Родителите бараат помош од нас, како стручни лица, во однос на домашното семејно воспитување | 9 | 30 | 20 | 66,7 | 1 | 3,33 |
| 14. | По завршување на обуките или на работилниците кај родителите се чувствуваат разлики во однос на нивните ставови за семејното воспитување | 8 | 26,7 | 19 | 63,3 | 3 | 10 |

## Графикон бр. 17 – стручноста на воспитно-образовниот кадар и променетите ставови на родителите при семејното воспитување




Преку овие две последни тврдења се повикуваме на помошната *хипотеза бр. 20* – ***Персоналот организира работилници за родителите на најразлични теми, но недоволно за градење посигурно родителство,*** со тоа што преку тврдењто бр. 13 – *Родителите бараат помош од нас, како стручни лица, во однос на домашното семејно воспитување,* делумно се потврдува хипотезата, исто како и преку тврдењето бр. 14 – *По завршување на обуките или на работилниците кај родителите се чувстваат разлики во однос на нивните ставови за семејното воспитување.* Според оваа хипотеза и според процентите добиени од одговорите на персоналот, повеќето „делумо да“, можеме да заклучиме дека е потребна поголема соработка меѓу родителите и воспитувачите, односно наставниците од прво одделение, сè со цел да се изгради подобро родителство во ова брзо и динамично општество.

## 4. Заклучни согледувања и препораки

Од извршената анализа на емпириските податоци добиени од истражувањето се констатира дека се потврдува основната хипотеза на истражувањето, односно дека ***концептот на позитивното родителство влијае врз примената на современ начин на семејно воспитување на децата***. Добиените податоци од анализата и напрвената компарација меѓу двете фази ни овозможија да се изведат значајни општи заклучоци:

1. Позитивното родителство како концепт се базира на Конвенцијата на ОН за правата на децата. Имено, нашите родители, како и сите останати субјекти коишто учествуваат во воспитувањето на децата, треба да бидат запознаени со овие основни детски права и секогаш да пружаат сигурност, поддршка, љубов, топлина, искреност и многу други клучни нешта за успешно воспитување. Исто така, ова се поврзува и со познавањето на основните карактеристики на детскиот развој, што нѐ наведува на заклучокот дека нашите родители треба повеќе да вложуваат во запознавањето на психо-физичкиот развој на детето и да ги знаат основните детски права за подбро воспитување.
2. Концептот на позитивното родителство не претставува еден засекогаш универзално даден концеп или начин на воспитување на децата наменет за родителите. Тој со нивоата и со детално обработената програма нуди широк спектар на можности и на различни опции за помош и за надминување на проблемите коишто се појавуваат кај младите родители. Секое семејство е посебна интимна приказна и секое семејно воспитување треба да биде својствено за тоа семејство. Не постои еден начин на воспитување за којшто се смета дека е најправилен.
3. Од особена важност за доброто семејно воспитување на децата е и соработката на родителите со воспитно-образовните институции коишто ги посетуваат децата. Во овој случај се работи за претшколски установи и за основни училишта, но само на деца од 1 одделение (до 5–6 години). Работилниците претставуваат најчеста форма којашто ги поврзува

родителите со воспитно-образовниот кадар, а се од особено значење. Воспитувачите и наставниците треба да вложуваат многу повеќе во вклучувањето на родителите во секојдневните активности што се одвиваат во институциите, всушност, тоа е обврска којашто е пропишана од надлежните органи. Затоа, наставниот кадар мора повеќе и поактивно да се насочува кон исполнување на оваа обврска, односно да организира најразлични работилници или да ги информира родителите за каков било проблем.

4. Повеќето родители би можеле да претпостават што претставува позитивното родителство како поим и тоа го искажаа со 83, 3 %, но за целосно и темелно познавање на овој концепт потребна им е дополнителна обука и презентација.
5. Родителската љубов, интерес, поддршка и мотивација кон сопствените деца не насочија кон заклучок дека нашите родители не се на ниво на формална врска со своите деца, туку дека тие ја ценат детската индивидуалност, спонтаност и интерес, т.е. дека родителите успеваат да пронајдат време за потребите на сопствените деца преку соодветна соработка, комуникација, интерактивни активности и преку градење позитивна клима. Доказ за тоа претставува податокот од 66, 6 %, на пример дека родителите сè уште одвојуваат време за читање приказни и за заеднички семјни оброци.

   Овие се основните начела на коишто се базира и концептот на позитивното родителство.

   Можеме да заклучиме дека по кратките информации за суштината на овој концепт во првата фаза на истражувањето, родителите веќе во втората фаза можат да ги издвојат битните карактеристики од овој концепт и да ги применат во домашното семејно воспитување.
6. По направената компаративна анализа од првата и од втората фаза на истражувањето можеме да констатираме дека родителите сметаат дека се добри родители и дека веруваат во нивното родителство. Тие чувствуваат помал притисок и помал процент на несигурност и на нервоза, а особено по спроведената прва фаза од нашето истражување. Ова нè наведе на

заклучокот дека родителите се стремат кон подобро родителство, но, исто така, и на заклучокот дека не е лесно да се биде добар родител и да се пронајде најсоодветниот начин за добро воспитување.

7. Потребата на родителите од поголема стручна помош за надминување на проблемите што се појавуваат во рамките на семејствата е неминовна. Желбата за нови преспективи, алтернативи, хоризонти и современи сознанија, како што е конецптот на позитивното родителство, ни помогна да ја сфатиме круцијалната важност на родителството и максимално да вложуваме во него.
8. Во втората фаза од нашето истражување родителите ги пополнуваа листите за проверка (чек-листите) со тврдења коишто кореспондираат со првичините тврдења од анкетните листови, т.е. со првата фаза од истражувањето. Целта на овој инструмент, којшто се спроведуваше 3 недели по првичната средба со родителите, беше да увидиме колку родителите научиле, истражувале и примениле некои аспекти од концептот на позитивното родителство, наменет токму за нив. Основните хипотези беа потврдени, всушност, родителите ја разбрале суштината на овој концепт и тој им помогнал во решавањето на проблемите произлезени при домашното семејно воспитување.
9. Во овој брз и динамичен свет времето е скапоцено, особено за родителите коишто се наоѓаат на границата меѓу добра и успешна кариера и цврсто и сигурно семејно гнездо. Сепак, потребното време за сопствените деца е застапено. Родителите издвојуваат доволно време за разговор, длабоко веруваат во способностите на нивните деца, но немаат време и енергија за себе, како и за добро менаџирање и балансирање на професионалниот и на семејниот живот.
10. Со отворањето на новите хоризонти и преспективи родителите се чувствуваат посигурни во улогата на родител. Нивната трпеливост, нежност и љубов кон сопствените деца е на повисоко ниво во однос на нервозата и на несигурноста. Позитивниот концепт е наменет токму за родителите за градење посигурно родителство, т.е. секој родител е добар родител и има право за помош доколку му е потребна. Не постои еден

универзален и општопризнаен начин на воспитување на децата. Секое семејно воспитување е едно и единствено за конкретното семејство, но можноста да се стремиме кон подобро родителство и кон позитивно родителство ни дава нови гледишта и не оттргнува од стандардните и механички воспитни патишта. Пример за тоа е успешно разработениот концепт на позитивното родителство.

11. Најзначајното во сето ова е дека родителите стекнаа нови гледишта, алтернативи, знаења и информации преку концептот на позитивното родителство за современото семејно воспитување.
12. Во нашето истражување зеде учество и наставен кадар од воспитно-образовните установи коишто опфаќаат деца од претшколска возраст, односно наставен кадар од три градинки и наставници на првооделенци од едно скопско основно училиште. Притоа, се заклучува дека овие стручно оспособени лица се во тек со воспитно-образовните промени спроведени на територијата на неколку општини од градот Скопје.
13. Според утврдените правила за воспитно-образовниот процес на надлежните органи во Р. Македонија, родителите треба да бидат активни учесници во сите случувања при воспитно-образовната работа. Тие се дел од целиот тој процес и се потврдува дека тоа треба да биде на уште повисоко ниво, особено поради тоа што треба да добиваат помош од стручно оспособени лица, како воспитувачите и наставниците, секако, доколку е потребна.
14. Наставниот персонал вложува во своето стручно оспособување, но не следеле обуки или семинари за концептот на позитивното родитеслтво, со што се потенцира дека овој концепт е нов за нашите простори. Стручниот кадар може да претпостави за што станува збор, но само како производ на своите лични вложувања и истражувања по социјалните мрежи. За успешно пренесување на овој добро обработен концепт потребно е повеќе информирање и вложување од страна на стручно оспособените лица.
15. Нашиот воспитен кадар организира работилници во коишто ги вклучува родителите и тоа најчесто се работилници на одредени теми од пропишаната воспитно-образовната програма. Посетеноста на овие

работилници треба да се зголеми, но, исто така, тие треба да се организираат и како производ на потребите на родителите. Секако дека во иднина би било повеќе од потребно да се организираат обуки или каква било друга форма на едукација за родителите за овој концепт, со цел негово полесно осознавање и поактивна примена.

16. Присутно е делумно попречување на работата на воспитувачите и на наставниците од страна на родителите, а за тоа се виновни повеќе фактори. Како најзначаен фактор се истакнува неинформираноста на родителите за работата на воспитувачите и на наставниците, а, пак, тоа се должи на бариерата којашто се појавува меѓу најбитните субјекти во образованието – родител, наставник и ученик. Потребно е повеќе вложување за подобрување на врската со родителите, а токму тоа го истакнува и го потенцира концептот на позитивното родителство и нуди можни решенија за подобро родителство.

## 4.1. Препораки

Тука ќе се обидеме да дадеме низа одредени препораки во однос на можни решенија за примена на концептот на позитивното родителство и на неговото влијание во воспитувањето на децата.

Ние тргнавме од нашите претпоставки во однос на информираноста на родителите, нивната запознаеност со концептот на позитивното родителство и на можноста за негова примена во семејното воспитување.

Имено, првичните наши очекувања за тоа колку родителите слушнале и колку се запознаени со овој концепт беа песимистички, но со текот на истражувањето се покажа дека родителите знаат или барем слушнале, а најголем процент од нив можат да претпостават што би претставувал овој концепт.

Најголемиот проблем со којшто се соочуваат родителите е тоа што тие постојано се во трка со времето.

Предлог-решение за овој проблем е понудено во деталната разработка на концептот на позитивното родителство, односно дека повеќе од потребно е родителите да посетуваат одредени центри или обуки коишто ќе им овозможат

полесно да се справат со сите аспекти и проблеми што се појавуваат во динамичниот живот, а се однесуваат на семејното домашно воспитување.
Како пример за тоа, всушност, беше спроведената втора фаза од нашето истражување, во којашто родителите преку еден вид кретивна работилница и на не толку формален начин се запознаа со круцијалните аспекти на овој концепт и со сите негови придружни елементи. Беше поделен и одреден вид рекламен и информативен материјал, којшто накртко ги опишуваше можностите и придобивките, а, пред сѐ, начините на справување со проблемите во поглед на залудното губење време, т.е. како да станеме поуспешни организатори и кројачи на нашата временска димензија.

Една од главните препораки, произлезена како производ од спроведеното истражување и од носењето заклучоци, е потребата сѐ уште да се работи на степенот на активно вклучување на родителите во целокупниот воспитно-образовен процес, без разлика дали се работи за семејно воспитување, како неинституционално воспитување, или, пак, за институционално воспитување од претшколските установи, па сѐ до високо-образовните институции.
Честата поврзаност на родителите со стручните служби и со експертите од воспитно-образовната дејност може да придонесе за поуспешно домашно семејно воспитување, а на тој начин за посреќни и за поуспешни родители, коишто ќе го пронајдат својот индивидуален и најуспешен начин на воспитување на сопствените деца.
Од исклучителна важност е фактот што овој концепт е наменет исклучиво за родители коишто, без разлика дали имаат или немаат одредени проблеми со своите деца, можат да го искористат, а особено првите три нивоа, коишто се однесуваат на помали проблеми. Па, врз основа на ова, следната препорака се оденсува на фактот дека појавениот проблем од каква било природа може успешно да се реши, но проблемот се појавува поради недоволната информираност на родителите за најразличните постапки, методи, начини, патишта и за други можни решенија на појавениот проблем.

Повеќе од потребно е поголемо влијание на свеста на родителите за разгледување на сите можни опции и алтерантиви за семејното домашно воспитување и за промена на ставовите во поглед на ова воспитување.

Без разлика дали родителите се доволно образовани или, пак, не, (таа варијабла ја исклучуваме како можна) се осврнуваме на аргументот дека родителите самоинцијативно и со помош на лица коишто се разбираат од оваа концепција треба да вложуваат во своето родителство, а со тоа поуспешно да ги воспитуваат сопствените деца.

# Користена литература


1. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитувањето и образованието,* Битола: Киро Дандаро.
2. Баракоска, А. (2007), *Педагогија,* Скопје: Филозовски факултет – Скопје
3. Будимир-Нинковиќ, Г. (2009), *Савремена породица и школа,* Јагодина: Педагошки факултет.
4. Glasco, P.F. (2002), *Suradnja s roditeljima,* Nacionalna i svevćilišna knjižnic-Zagreb: Naklada Slap.
5. Grej, D. (1990), *Deca su iz raja,* Beograd: Id esotheri.
6. Ѓорѓевска-Лакинска, Д. (1987), *Семејството и воспитувањето,* Скопје: Студенски збор.
7. Голднер-Вуков, М. (1988) Породица у криза, Медицинска књига, Београд.
8. Dreman, S. (1997) The Family on the Threshold of the 21st Century: Trends and Implications, Lawrence Erlbaum Associates.
9. Juul, J. (1995), *Vaše кompetentno dijete*, Zagreb: Eduga, Nakladno društvo.
10. Jagger, G., Wright, C. (1999) Changing Family Values, Routledge.
11. Kay, H. (1998) Valuing Families: Discourses of Commodification and the Family in the 1990s, Jornal of Australian Studies.
12. Cowan, C.P., Cowan, P.A. (2000) *When Partners Become Parents*: The big Life Change for Couples, Lawrence Erlbaum Associates.
13. Kamenov, E. (1990), *Predškolska pedagogija,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
14. Котева-Мојсовска, Т. (2006), *Семејното воспитување и социјалното однесување на децата,* Скопје: Акедемски печат.
15. Костова, М. (2000) *Основни претпоставки за правилно воспитување во семејството*, Зборник „Детски самит", Скопје.
16. Košicek, M. (1990), *Antiroditjeli*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

17. Касапи, Ѓ. (2003) *Современото предучилишно воспитување и основно образование – состојби и преспективи,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски".
18. Кениг, Н. (2008), *Квалитативни методи на истражување,* Скопје: Филозофски факултет.
19. Lichtenstein, R., Ireton, H. (1984) *Preschool Screening: Identifying young children with developmental and educational problems,* Orlando , Fla.: Grune & Stratton.
20. Milić, A. (1988), *Rađanje modern porodice,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
21. Milić, A. (2001), *Sociologija porodice,* Beograd: Ćigoja štampa.
22. Мицковиќ, Д. (2008) *Семејството во Европа XVI-XXI век*, Скопје: Блесок.
23. Мурџева-Шкариќ, О. (2010), *Психологија на возрасните и стреењето (развојна психологија 2*), Скопје: филозофски факултет.
24. Петровска, С. (2009) *Семејството и воспитувањето на децата*, Скопје: Алфа.
25. Pećnik, N. ,Starc, B. (2010) *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrška roditeljima najmlađe djece,* Zagreb: Ured UNICEF-a zaHrvatsku.
26. Pantley, E. (2002), *Savršeno roditeljstvo,* Загреб: Mozaik knjiga.
27. *Pedagoška enciklopedija I* (1989) (red. Potkonjak, N i Šimleša, P.), Beograd: Zavod za udžbenika I nastavna sredstva.
28. Rapaj, Ž. (1998), *Kako razumeti svoje roditelje*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
29. Stevanovic, M. (2000), *Obiteljska pedagogija,* Varaždinske Toplice: Tonimir.
30. Stričević, I. *Jačanje roditeljskih kompetencija kroz programe obrazovanja* - „Матријал за интерна употреба"
31. Sanders, M. R. (2008), "*Triple P-Positive Parenting Program as a public health approach to strengthening parenting*". Journal of Family Psychology
32. Спасовски, О. (2012), *Позитивна психологија,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Филозофски факултет.
33. Закон за семејство на Р. Македонија (1992) Собрание на Република Македонија

## Интернет извори

- http://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_version_child_friendly.pdf/
- http://www.triplep.net/glo-en/home/
- http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/the-system-explained/level-1/
- http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/the-system-explained/level-1/
- http://www.families.nsw.gov.au/triple-p/groups-seminars.htm#seminars/
- http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/evidence-based/what-the-experts-say/read-what-experts-say/
- http://www.triplep-parenting.net/glo-en/fast-facts/
- http://recnik.off.net.mk/recnik/makedonski-leksikon/концепт*/
- http://europa.eu/epic/practices-that-work/evidence-based-practices/practices/triple-p_en.htm
- http://www.politika.rs/rubrike/Drustvo/Jaka-porodica-najvaznija-za-srecu.sr.html /

# Прилози и информативен рекламен материјал

# Анкетен лист

Почитувани родители,

Пред вас е анкетен лист, кој ќе послужи за моето истражување *Позитивното родителство – воспитен концепт во современото семејство.*

Целта на анкетниот лист е да добијам информации за тоа колку вие како родители сте информирани за концептот на позитивното родителство и за можноста на негова примена во Вашето секојдневно семејно воспитување во современи услови.

Со вашите искрени одговори ќе придонесете кон моето настојување да донесам конкретни заклучоци и да преземам одредени активности за подобрување на квалитетот на семејното современо воспитување со примената на позитивното родителство, како концепт кој сѐ уште е нов за нашите простори.

**Анкетата е анонимна!**

**I Табела бр. 1 – Информираност и примена на концептот на позитивното родителство**

| | |
|---|---|
| ***Ве молам заокружете го и доплнете го вашиот одговор:*** | |
| **Име на градинката/основното училиште:** | |
| **Анкетниот лист го пополнува:** | **мајка** татко |
| **Вашата возраст:** | **под 20 20–30 30–40 40–50 над 50 години** |
| **Вашето образование:** | **основно средно виша факултет** |
| **Број деца во семејството:** | **1 2 3 4 повеќе** |
| **Возраст на вашето дете:** | |
| **Вработеност на родителите:** | **само мајката само таткото двајцата ниту еден** |

Во табелата се наоѓаат низа тврдења за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство. Ве молам изнесете го степенот на Вешето согласување/несогласување за секое од следните тврдења. Со знакот „✔“ обележете го одговорот за секое тврдење во соодветната колона.

| Тврдење | Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|
| 1. Информиран/-а сум за правата на децата според Конвенцијата на ОН | | | |
| 2. Запознаен/-а сум со основните психо-физички развојни карактеристики на детето | | | |
| 3. Сметам дека постои универзален начин за воспитување на своето дете | | | |
| 4. Применувам само еден пристап за справување со проблемите меѓу мене и моето дете | | | |
| 5. Учествувам во работилници коишто ги организираат воспитувачите, како и во други обуки поврзани со поддршката на родителите при воспитувањето на децата во современото општество | | | |
| 6. Не сум запознаен/-а со концептот на позитивното родителство | | | |
| 7. Можам да претпоставам што претставува концептот на позитивното родителство | | | |
| 8. Му овозможувам слободно изразување на детето во рамките на семејството, со што ја почитувам детската индивидуалност | | | |
| 9. Ги препознавам неговите интереси и му угодувам | | | |
| 10. Премногу ги милувам и ги разгалувам | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| своите деца/дете | | | |
| 11. Знам да ги избалансирам своите потреби и потребите на децата | | | |
| 12. Децата/детето се отворени за соработка и за комуникација со мене | | | |
| 13. Наоѓам време за своите деца без разлика на сè | | | |
| 14. Во нашето семејство постои позитивна клима | | | |
| 15. Слободното време го поминувам во најразлични интерактивни активности со моите деца и комуницирам на ниво достапно за нивната возраст | | | |
| 16. Често сум нервозен и не знам како да постапам во справувањето со проблемите произлезени меѓу мене и моите деца | | | |
| 17. Чувствувам притисок дека погрешно постапувам при воспитувањето на своите деца | | | |
| 18. Не сум сигурен/-на во начините коишто ги применувам за воспитување на децата и дали тоа ме прави „добар“ родител | | | |
| 19. Едноставно е да си родител | | | |
| 20. Сметам дека сум „добар“ родител | | | |
| 21. Ги следам најсовремените текови за воспитување на децата | | | |
| 22. Со задоволство прифаќам предлози за нови начини на семејно воспитување | | | |

# Анкетен лист

Почитувани воспитувачи и наставници,

Пред вас е анкетен лист, кој ќе послужи за моето истражување *Позитивното родителство – воспитен концепт во современото семејство.*
Целта на анкетниот лист е да добијам информации за тоа колку вие како воспитувачи сте информирани за различните начини и концепти, меѓу кои се вбројува и концептот на позитивното родителство, и колку често организирате работилници во коишто ги вклучувате родителите.

Со вашите искрени одговори ќе придонесете кон моето настојување да донесам конкретни заклучоци и да преземам одредени активности за подобрување на квалитетот на семејното современо воспитување со примената на позитивното родителство, како концепт кој сѐ уште е нов за нашите простори.

**Анкетата е анонимна!**

***Ве молам заокружете го и доплнете го вашиот одговор:***

**Име на градинката/основното училиште:**

**Пол: а) машко б) женско**

**Група: јасли мала средна голема**

**Степен на образование: основно средно виша факултет**

**Работно искуство:**

Во табелата се наоѓаат низа тврдења за информираноста и за примената на концептот на позитивното родителство. Ве молам изнесете го степенот на Вешето согласување/несогласување за секое од следните тврдења. Со знакот „✔" обележете го одговорот за секое тврдење во соодветната колона.

| Тврдења | Потполно да | Делумно да | Воопшто не |
|---|---|---|---|
| 1. Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Сметам дека родителите треба да бидат активни субјекти во воспитно-образовниот процес на сопствените деца | | | |
| 3. Често ги вклучуваме родителите во работилници и сме отворени за соработка со нив | | | |
| 4. Запознаен/-а сум со концептот на позитивното родителство | | | |
| 5. Сум учествувал/-а на семинари/обуки за концептот на позитивното родителство | | | |
| 6. Ги мотивираме родителите за постојано вложување во самоизградувањето како родител | | | |
| 7. Секогаш сме тука за информирање на родителите за најновите современи текови на семејното воспитување | | | |
| 8. Им помагаме на родителите да станат посигурни родители и да ја почитуваат детската личност | | | |
| 9. Ги советуваме родителите за добро организирање на времето при извршување на секојдневните обврски, а со тоа и на обврските кон сопственото дете | | | |
| 10. Се обидуваме да ги охрабриме родителите дека не грешат во своето семејно воспитување | | | |
| 11. Настојуваме да ги подучиме родителите дека нема еден универзален начин за | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| воспитување на сопствените деца | | | |
| 12. Ги разбираме и ги поддржуваме родителите за нивниот приватен живот | | | |
| 13. Родителите бараат помош од нас, како стручни лица, во однос на домашното семејно воспитување | | | |
| 14. По завршувањето на обуките или на работилниците кај родителите се чувствуваат разлики во однос на нивните ставови за семејното воспитување | | | |

**Листа за проверка (чек-листа)** во завршната фаза (II фаза) на нашето истражување

## ***Евалуациски прашања***

**ЧЕК-ЛИСТА**

Датум:__________

- Во ***втората фаза*** од истражувањето, на родителите, избрани по проценка**,** им делиме листи за проверка (чек-листи), со коишто ќе се согледаат резултатите и стекнатите сознанија, но и практичните решенија од областа на концептот на позитивното родителство и дали тој се применува во семејното воспитување.

| | **Позитивно родителство – воспитен концепт во совремното семејство** | × | ✓ |
|---|---|---|---|
| 1. | Дали ја разбравте суштината на концептот на позитивното родителство? | | |
| 2. | Дали применивте некои од стратегиите, техниките, нивоата и аспектите од концептот? | | |
| 3. | Дали го променивте односот кон сопственото дете? | | |
| 4. | Дали размисливте на други можни решенија при воспитувањето на своите деца? | | |
| 5. | Дали поинаку ги решавате проблемите коишто се појавуваат на релација родител – дете? | | |
| 6. | Дали му нудите топлина, љубов и нежност на своето дете? | | |
| 7. | Дали сте посигурни во сопственото родителство? | | |
| 8. | Дали се чувствувате покомпетентен родител од претходно? | | |
| 9. | Дали сте помалку нервози, а повеќе трпеливи со своите деца? | | |
| 10. | Дали имате доволно време за себе? | | |
| 11. | Дали имате енергија за сите обврски коишто се очекуваат од вас? | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Дали сте среќна/среќен во улогата на родител? | | |
| 13. | Дали настојувате повеќе да се смеете и да создавате позитивна клима во вашите домови? | | |
| 14. | Дали ви треба поголема стручна помош за градењето добри семјни односи? | | |
| 15. | Дали ќе настојувате да бидете во тек со најсовремните движења во областа на семјното воспитување? | | |
| 16. | Дали ви се отворија нови гледишта и алтернативи за семјното воспитување? | | |
| 17. | Дали истражувате за доплнителни информации од оваа област? | | |
| 18. | Дали понатаму во животот ќе ви служат информациите за концептот на позитивното родителство? | | |
| 19. | Дали би сакале понатамошна соработка и доработка на овој вид концепт? | | |

ЗАБЕЛЕШКИ

## *Информативен и рекламен материјал наменет за родителите*

## Позитивно родителство







Love
Success
Happiness
Together
Family
Support


Ja imam tri godine
Nisam stvoren da sedim mirno, budem strpljiv, čekam svoj red ili da čekam u redu, ćutim i ništa ne diram.
Kretanje je moje potreba, potrebne su mi novine i avanture, potrebno mi je da celim telom budem uključen u istraživanje sveta oko sebe.
Pustite me da se igram
(Verujte mi, ja tako učim)







**1.** Од родителите се очекува да го познаваат развојот на детето, да знаат што е најдобро за нивното дете во рамките на семејството, но и надвор од него, да знаат зошто, кога и кои воспитни постапки треба да ги применат, исто така, од нив се очекува да работат на себе и убаво да се чувствуваат во родителската улога. Сите овие аспекти наведуваат на фактот дека родителите имаат потреба да учат за родителството, како за една од најблагодарните улоги во текот на животниот циклус.

**2.** Програмата за позитивното родителство – *Тројно П (Pozitiv Pareting Program – PPP*), како составен дел од концептот на позитивното родителство, им дава на родителите едноставни и практични стратегии за да им помогне за самоуверено управување со однесувањето на нивните деца, во спречувањето на проблемите во развојот и за да се изградат силни и здрави односи.

**3.** Постоењето на петте нивоа на оваа програма имаат за цел да ги опфатат родителите на децата, коишто имаат некакви проблеми со своите деца, без разлика дали се работи за проблеми во однесувањето или, пак, за одредено психичко нарушување кај децата, но, сепак, овој концепт заедно со програмата (*Тројно П*) нуди можност за придобивки на родителите. Иако навидум овој концепт претствува еден вид интервентна програма, сепак длабоко во суштината се согледува можноста за употреба на кој било родител од кој било дел на светот.

**4.** Многу е битно да се напомене дека позитивното родителство не е еден и единствен концепт кој пропагира совршен родител, туку тоа е еден современ концепт којшто нуди повеќе алтернативи и можности намети за родителите, им помага, ги насочува, со еден збор, ***позитивното родителство НЕ подразбира идеален, засекогаш непогрешлив родител, туку родител којшто се труди да го надоградува своето родителство!***

*Позитивното родителство ***им помага на родителите*** да одгледаат среќни самоуверени деца, да се снајдат во управувањето со неморалното однесување на сопствените деца, да осознаат повеќе начини за поставување правила и рутини коишто секој ги почитува и ги следи и да изградат одреден начин на однесување кај децата во согласност со сопствените родителски критериуми. Исто така, се упатуваат и препораки до родителите да се грижат

за себе, да се чувствуваат среќно и исполнето во улогата на родител и се укажува дека ја прават вистинска работа во одгледувањето на сопствените деца.

Подолу ви ги приложувам и другите аспекти насочени кон родителите, вклучени преку програмата на *Тројното П – концептот на позитивното родителство*:

- Битно е родитителот да биде целосна поддршка и добро да го води своето дете, да знае како да го следи и да ги препознава неговите потреби, а не секогаш да предводи, т.е. да води.
- Доволно добри родители се оние коишто учат за развојот на детето и коишто бараат помош (доколку е потребна), развиваат способности и вештини и коишто развиваат самосвест и разбирање за себе, за своите ставови и постапки.
- Несомнено, родителството претставува еден од најголемите ризици за проблемите со однесувањето на децата, коишто се појавуваат понатаму низ животниот циклус, како на пр. во адолесценцијата.
- Компетентен е оној родител кој вложува во себе и во својот однос кон детето, кој му пружа воспитување и поддршка, го почитува и му овозможува зајакнување од секаков вид, а тоа се основите за развој на здрава личност.

* *Преку овој вид програма се истакнува важноста од активното и свесно вклучување на родителите во решавањето на проблемите коишто се појавуваат во текот на воспитувањето на сопствените деца. Како што кажавме погоре, не е лесно да се избере „правилниот“ пат, па на тој начин, преку овие нивоа, се потенцираат различните семинари, сесии, работилници и различни типови групи, во коишто родителите се главните учесници. Притоа, тие се стремат кон надминување на појавениот проблем (агресија, дисфункција, караници, непослушност, незнаења...), добиваат интензивна поддршка и мотивација, користат различни аспекти, стекнуваат нови сознанија, применуваат вештини и веќе стекнати компетенции за родителството итн. Преку ваков вид концепт им се овозможува на родителите да се пронајдат и целосно да се вклучат во*

*улогата на родител и да го насочат своето родителство на, за нив, најсоодветен пат.*

(Доколку имате потреба од дополнителни информации од областа на позитивното родителство, може да ги најдете на интернет-страницата: http://www.triplep.net/glo-en/home/)

Ирена Илиевска
тел. 070 856 954
e-mail: irena_mkd@yahoo.com